МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

СИСТЕМ НА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

СТУДЕНТ: ДАЛИБОР ГОРЃИЕВ
БРОЈ НА ИНДЕКС: М187032
МЕНТОР: ПРОФ. Д-Р МАРЈАН КИЦЕВ

Свети Николе, 2020

АПСТРАКТ

Карактеристиките и особеностите на организираниот криминал укажуваат на тоа дека се работи за една криминална појава, која е доста противречна, односно криминална појава која се појавува во рамките на сите земји, и развиени и неразвиени, без да може да се извлечат определени константни заклучоци кои би помогнале во конципирањето на еден превентивен систем.

Организираниот криминал, според своите особености и одлики, претставува доста комплексен поим. Самата негова комплексност е дополнителна причина истиот истовремено да претставува и противречен поим. Противречноста на организираниот криминал најдобро може да се согледа и да се сфати во контекст на територијалниот опфат на организираниот криминал, односно неговата интенција за напуштање на државните граници и неговата сè поголема зачестеност и застапеност во светски рамки.

Посебен интерес привлекува системот за превенција од организираниот криминал, односно активностите кои би требало да бидат преземени во насока на спречување на оваа криминална појава. Во рамките на овој труд посебно ќе бидат анализирани различните аспекти на системот на превенција од организиран криминал, како во национални, така и во меѓународни рамки.

Клучни зборови: криминалитет, организираност, група, интернационалност, глобална закана.

ABSTRACT

The characteristics and peculiarities of organized crime indicate that it is a criminal phenomenon, which is quite contradictory, ie a criminal phenomenon that occurs within all countries, both developed and underdeveloped without being able to draw certain constant conclusions that would help in the conception of a preventive system.

Organized crime, according to its peculiarities and characteristics, is a very complex concept. Its very complexity is an additional reason for it to be a contradictory term at the same time. The contradiction of organized crime can be best seen and understood in the context of the territorial scope of organized crime, ie its intention to leave the state borders and its increasing frequency and representation worldwide.

The system for prevention of organized crime attracts special interest, ie the activities that should be undertaken in order to prevent this criminal phenomenon. This paper will specifically analyze the various aspects of the system of prevention of organized crime, both nationally and internationally.

Keywords: crime, organization, group, internationality, global threat.

СОДРЖИНА

I. ВОВЕД……..6

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО……..9

1. Проблем, предмет и цел на истражувањето……...9
2. Хипотези на истражувањето……10
3. Методи на истражување……...11
4. Оправданост на истражувањето……13

III. ФЕНОМЕНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ……..……14

1. Поим на организиран криминал……14
2. Карактеристични облици на организиран криминал……18
3. Особености на организиран криминал……..22
4. Современ организиран криминал……..26

IV. ЕТИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ……30

1. Поим на етиологија на организиран криминал……...30
2. Фактори за исполнување на организиран криминал…….34
3. Фактори од ендогена природа за исполнување на организиран криминал…….38
4. Фактори од егзогена природа за исполнување на организиран криминал…….42

V. ПРЕВЕНЦИЈА НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ НА МЕЃУНАРОДНО НИВО…….46

1. Активности за превенција од организиран криминал во рамките на Организацијата за Обединети Нации……46
2. Активности за превенција од организиран криминал во рамките на Европската Унија……..49

3. **Активности за превенција од организиран криминал кои се преземаат во земјите од Југоисточна Европа……..54**
4. **Воспоставена меѓународна соработка во областа на превенција од организиран криминал…….57**

VI. ПРЕВЕНЦИЈА ОД ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА……62
1. **Поим на превенција од организиран криминал……..62**
2. **Правна рамка за превенција од организиран криминал во Република Северна Македонија……..66**
3. **Институционална рамка за превенција од организиран криминал во Република Северна Македонија…….70**
4. **Особености на системот за превенција од организиран криминал во Република Северна Македонија…….74**

VII. КОМПАРАТИВНИ АСПЕКТИ НА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ…….78
1. **Превенција од организиран криминал во Соединетите Американски Држави…….78**
2. **Превенција од организиран криминал во Германија……81**
3. **Превенција од организиран криминал во Србија……...86**
4. **Превенција од организиран криминал во Хрватска……..89**

VIII. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ……93
1. **Анализа на истражувањето……..93**

IX. ЗАКЛУЧОК……...97

X. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА…….100

I. ВОВЕД

Карактеристиките и особеностите на организираниот криминал укажуваат на тоа дека се работи за една криминална појава, која е доста противречна, односно криминална појава која се појавува во рамките на сите земји, и развиени и неразвиени, без да може да се извлечат определени константни заклучоци кои би помогнале во конципирањето на еден превентивен систем. Транснационалниот карактер на организираниот криминал му овозможува на истиот голема мобилност, односно му овозможува истиот многу лесно да ги надминува границите на една држава, и како таков, да добива карактер на интернационална појава. Оваа интернационалност на организираниот криминал само упатува на потребата од воспоставување на еден интернационален систем за сузбивање на самото криминално зло.

Кога се разгледува организираниот криминал во една феноменолошка смисла, може да се дојде до определени заклучоци во однос на неговите појавни облици. Специфичноста кај ова криминално однесување, пред сè, се состои во фактот што истото може да биде извршено преку плејада на кривични дела, односно скоро и да не постои инкриминација која може да биде подведена под општиот поим на организиран криминал.

Главна цел на организираните криминални групации се состои, пред сè, во остварувањето на влијанието во различните сфери на општествениот живот и истовремено стекнување на големи профити и имотни користи. Последиците од организираниот криминал еднакво ги погодува и слабо развиените земји, земјите во транзиција, како и високоразвиените земји. Главниот проблем кај организираниот криминал се состои во тоа што како резултат на неговите дејствија, штета претрпуваат сите поединци во општеството, како и општеството во целина.

Организираниот криминал би требало да го анализираме како и секој друг вид на криминалитет, за да би можеле да ја добиеме вистинската претстава за истиот. Па така, во

оваа смисла, од посебно значење е определувањето на феноменолошката страна на организираниот криминал, определувањето на етиолошката страна на организираниот криминал, како и определувањето на превенцијата на организираниот криминал. За нас од посебен интерес е анализирањето на превенцијата на организираниот криминал.

Имајќи ги предвид овие карактеристики на организираниот криминал, јасно се наметнува потребата за изградување на еден издржан систем на превенција од оваа општествено негативна појава. Системот за превенција од организиран криминал задолжително мора да биде воспоставен на една меѓународна основа, со оглед на фактот дека овој вид на криминалитет покажува квалитети на висока интернационализација и надминување на националните граници.

Превенирањето на организираниот криминалитет единствено може да се согледа преку целосното определување на самата предметна појава, како и преку определување на причините за нејзиното појавување. Во оваа смисла, за да можеме да го определиме предметот на магистерскиот труд, односно за да можеме да го определиме системот на превенција од организираниот криминал, во претходна фаза задолжително треба да направиме определување на феноменолошките одлики и карктеристики на организираниот криминал, како и да направиме определување на етиологијата, односно причините за појавување на организираниот криминал. Системот за превенција од организиран криминал може добро да биде осознаен и воспоставен единствено во ситуација кога би имале целосна слика за појавата којашто ја истражуваме, односно кога во целост ќе ги осознаеме феноменолошките карактеристики на оваа појава, како и кога би имале целосна слика за причините, односно факторите кои влијаат за појавување на организираниот криминал во рамките на една држава, односно за негово појавување во меѓународни рамки. Вака поставените аспекти за проучување на организираниот криминал даваат гаранција за успешно определување на предметот на магистерскиот труд.

Во првиот дел на магистерскиот труд ќе се осврнеме на феноменолошките аспекти на организираниот криминал. Во овој дел посебно ќе се задржиме на поимното определување на организираниот криминал, карактеристичните облици на организираниот криминал, особеностите на оваа општествено негативна појава, како и карактеристиките на современите облици на организираниот криминал.

Во следниот дел, односно во вториот дел на магистерскиот труд ќе се направи определување на причините, односно факторите кои придонесуваат за појава на организираниот криминал на национално и меѓународно ниво. Всушност, ќе биде направено етиолошко определување на оваа криминална појава. Така, во оваа смисла посебно ќе се анализира поимот на етиологија на организиран криминал, факторите кои се од значење за исполнување на оваа криминална појава, со посебен акцент врз факторите од ендогена и егзогена природа за исполнување на организираниот криминал.

Во третиот дел на магистерскиот труд ќе се опфати системот на превенција од организиран криминал во меѓународни рамки. Па така, во оваа смисла посебно ќе бидат претставени активностите за превенција од организиран криминал кои се преземаат од Организацијата на обединетите нации, активностите за превенција од организиран криминал кои се преземаат од Европската Унија, активностите за превенција од организиран криминал кои се преземаат во земјите од Југоисточна Европа, како и определување на субјектите на меѓународната соработка во областа на превенција од организиран криминал.

Во четвртиот дел на магистерскиот труд ќе се осврнеме на системот на превенција на организираниот криминал во Република Северна Македонија. Така, во оваа смисла ќе биде претставен поимот на превенција од организиран криминал во една општа, генерална смисла, правната рамка за превенција од организираниот криминал во земјата, институционалната рамка за превенција од организираниот криминал, како и особеностите на системот за превенција во Република Северна Македонија.

Во петтиот дел на магистерскиот труд ќе се направи компаративна анализа на системите на превенција од организиран криминал во различни земји. Така, во оваа смисла ќе биде опфатен и анализиран системот за превенција од организиран криминал во Соединетите Американски Држави, системот за превенција од организиран криминал во Германија, системот за превенција од организиран криминал во Србија, како и системот за превенција од организиран криминал во Хрватска.

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За самото научно истражување е потребно применување на соодветни методолошки техники, односно соодветни научни методи. Во рамките на овој дел ќе биде направено едно презентирање и претставување на методолошкиот пристап, кој ќе биде искористен за изработката на овој магистерски труд. Посебно во овој дел на трудот ќе биде разработен проблемот на научното истражување, предметот на научното истражување, како и целта на научното истражување. Основните категорични концепти на научното истражување се манифестираат преку начините на изработка на трудот, преку оправданоста за изработка на темата, како и соодветното дефинирање на главната и помошната хипотеза на истражувањето.

1. Проблем, предмет и цел на истражувањето

1.1. Проблем на истражувањето

Во рамките на магистерскиот труд се прави целосно согледување на системот на превенција од организиран криминал, како едно криминално поведение кое предизвикува многу штетни последици и за поединецот и за општеството во целина. Проблемот на истражувањето, всушност, се поврзува со утврдувањето на причините за функционалноста, односно нефункционалноста на системот на превенција од организираниот криминал.

1.2. Предмет на истражувањето

Предметот на истражување на магистерскиот труд се однесува на определувањето на сите аспекти на системот на превенција од организираниот криминалитет.

1.3.Цел на истражувањето

Како цел на трудот се поставува извлекувањето на определени заклучоци во однос на системот на превенција од организиран криминал, како во земјата, така и на меѓународен план. Потребно е да се детектираат сите оние негативни страни и елементи кои неповолно влијаат врз самиот систем на превенција од организиран криминал, за да би се елиминирале истите.

Вака поставената цел на магистерскиот труд ќе биде од големо значење во димензионирањето на еден систем на превенција од организиран криминал, кој ќе биде поставен на едно високо ниво, односно димензионирање на систем на превенција кој на успешен начин ќе обезбеди сузбивање на различните облици и форми на организираниот криминал.

2. Хипотези на истражувањето

2.1.Главна хипотеза на истражувањето

Изградувањето, односно конституирањето на еден соодветен и современ систем на превенција од организиран криминал е гаранција за успешно справување со различните криминални дејствија кои се случуваат во рамките на оваа криминална појава.

2.2.Помошни хипотези

- Создавањето на системот на превенција од организиран криминал задолжително предвид треба да ја земе феноменолошката страна на оваа општествено негативна појава;

- Создавањето на системот на превенција од организиран криминал задолжително предвид треба да ја земе етиолошката страна на оваа општествено негативна појава;
- За конституирање на соодветен систем на превенција од организиран криминал многу значајни се конкретните активности и заложби на самата држава;
- За конституирање на соодветен систем на превенција од организиран криминал многу значајни се конкретните активности и заложби на меѓународната заедница.

Сите овие хипотези на истражувањето, главната и помошните хипотези, за потребите на трудот треба дополнително да бидат разработени и развиени. Оваа разработка и развивање на хипотезите ќе биде направено во согласност со општите концепции на магистерскиот труд. Ќе бидат искористени неколку индикатори кои треба да овозможат тестирање на вака поставените хипотези на истражувањето. Така, во оваа смисла ќе биде направено соодветно консултирање на стручна и научна литература која се однесува на потесната проблематика, ќе бидат разгледани регулативите на национално и меѓународно ниво, ќе се разгледаат моделите и механизмите кои се применуваат во практиката, и ќе биде извлечен соодветен теоретски заклучок.

3. Методи на истражување

За изготвувањето на магистерскиот труд ќе бидат искористени неколку научни методи, кои се од помош во оформувањето на методолошките техники на истражување. Ќе бидат искористени такви научни методи кои имаат своја посебност и значење за општествените науки.

3.1. Методот на анализа треба да овозможи анализирање на содржините кои се однесуваат воопшто на организираниот криминал, со посебен акцент на превенцијата на организираниот криминал. Преку самиот метод на истражување ќе се направи определување на различните и суштински делови на организираниот криминал, ќе се разјаснат основните поими, како и идеи кои се однесуваат на

самата проблематика. Преку анализата на содржина, како метод, ќе направиме квантитативно и прецизно опишување на различните содржини, сè со цел да се создадат услови за утврдување на објективната природа на проблематиката која е од наш интерес. Преку овој метод треба да се обезбедат податоци, кои се веродостојни и точни и кои како такви може да се искористат за соодветни научни истражувања, или пак, да се искористат за проучување на некој друг, односно нов проблем од научна природа.

3.2. Методот на научно набљудување треба да ни овозможи собирање на податоци со помош на таканаречено сензорско набљудување, пред сè, со помош на сетилото за вид и сетилото за слух. Ваквиот метод на научно набљудување е од посебно значење за евиденцијата на манифестните облици и појавни форми на она што е предмет на проучување.

3.3. Биографскиот метод во вкупното класифицирање на научните методи, се наоѓа помеѓу оперативните методи од една страна и методите кои се концептуални, од друга страна. Според својата суштина, овој биографски метод претставува квалитативен метод. Треба да се има предвид дека неговото применување во едно научно истражување не означува и исклучување на некои други научни методи, како што се: статистичките методи, квантификациите, методите кои се поврзуваат со математички процедури и слично.

3.4. Компаративниот метод, или како што уште се нарекува споредбен метод, треба да овозможи споредување на претходно објаснети системи на самата тема која е предмет на истражувањето, со земјите кои се од интерес. Искористувањето на компаративниот метод во крајна линија е сè со цел да се обезбедат добри практики од овие земји на споредба. За да би можело да стане збор за правилна примена на овој компаративен метод, потребно е и применување на функционалниот метод, како и применување на структуралниот метод. Преку функционалниот метод, треба да се согледаат националните правни системи на земјите кои се компарираат во смисла на она што е предмет на истражување. Додека пак, структуралниот метод треба да даде една реална слика и претстава за начинот на кој законите и нормите се имплементирани во рамките на самиот систем.

4. Оправданост на истражувањето

Самиот магистерски труд има јасно поставена научна и истражувачка оправданост.

4.1 Научната оправданост на самото истражување се согледува во потребата од систематизирање на научно-теоретските сознанија за превенцијата од организираниот криминал, самиот феномен на оваа појава, различните мерки и активности кои се преземаат во насока на негово сузбивање, сè со една единствена цел, а тоа секако е успешна борба со оваа глобална закана. Дополнително, преку изработката на трудот се очекува да се збогати стручната литература која го разработува прашањето на организираниот криминал воопшто, посебно прашањето кое се однесува на сузбивање на организираниот криминал.

4.2 Истражувачката оправданост на магистерскиот труд е тесно поврзана со научната оправданост. Едно вака поставено истражување ќе биде од голема помош на сите институции кои се занимаваат со прашањето на сузбивање на организираниот криминал, како во национални рамки, така и во меѓународни рамки.

III. ФЕНОМЕНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

1. Поим на организиран криминал

Организираниот криминал, според своите особености и одлики, претставува доста комплексен поим. Самата негова комплексност е дополнителна причина истиот истовремено да претставува и противречен поим. Противречноста на организираниот криминал најдобро може да се согледа и да се сфати во контекст на територијалниот опфат на организираниот криминал, односно неговата интенција за напуштање на државните граници и неговата сè поголема зачестеност и застапеност во светски рамки. Ваквата поставеност на односите во однос на организираниот криминал зборува за една негова посебна особина, односно за една негова посебна карактеристика, а тоа е неговата транснационалност, односно неговата трансцедентност. Општиот криминалитет кој е претставен преку сплетот на различните инкриминации самиот по себе е проблем за едно општество, но кога овој општ криминалитет се случува под капата на организираниот криминал, тогаш работите стануваат многу посериозни и покомплицирани. Треба да се има предвид фактот дека скоро и да не постои инкриминација која не би можела да се подведе под општиот поим на организиран криминал.

Карактеристиката на организираниот криминал за неговата транснационалност укажува на тоа дека дејствијата на ова криминално дејствие многу лесно ги поминуваат државните граници на една земја. Дополнителен проблем за секое општество, пред сè за глобалното општество, е тоа што организираните криминалци преку издржани механизми, техники, тактики и методи се испреплетуваат со постојаниот државен систем. Ова испреплетување на организираните криминалци со државните структури се прави сè со цел да се корумпира власта, за да би се добиле определени поволности, корумпирање на власта сè со цел да се избегне кривичниот прогон, обезбедување на моќ и влијание кое би се користело во насока на извршување и реализирање на забранетите и коруптивни зделки

и слично. Кога би сакале организираниот криминал статистички да го анализираме и проучуваме во даден временски период и на определена територија, би се соочиле со определени потешкотии, од причина што истиот нема некои константи на дејствување, лесно ги надминува границите на државата, коруптивниот момент е доста изразен и слично. Секој организиран криминал задолжително поседува голема доза на интернационалност, како и доза на лесна флуктрација. Токму како резултат на овие две негови карактеристики, истиот во голем дел од случаите останува недостапен за органите на прогонот. Веќе го потенцираме фактот дека скоро и да не постои инкриминација која може да се подведе под општиот поим на организиран криминал, но сепак во општата практика се прифатени некои инкриминации како најзачестени, кои се случуваат под капата на ова општествено криминално поведение. Па така, во оваа смисла би можеле да зборуваме за инкриминациите кои ги покриваат дејствијата на тргување со наркотици, дејствија на тргување со оружја, дејствија со кои се реализираат инкриминации поврзани со рекетот, дејствија кои овозможуваат подведување на проституција, дејствија во однос на тргување со луѓе, разни коруптивни дејствија, дејствија на шверцување на штета на економскиот систем, дејствија на убиства, дејствија на тероризам кои се извршуваат под капата на организираниот криминал и слично. Ова тврдење не би требало да нè наведе на фактот дека спектарот на дејствија кои се подведуваат под организираниот криминал завршува тука, напротив спектарот на инкриминации и понатаму е отворен, па така може да зборуваме и за останати криминални дејствија кои се случуваат и се подведуваат под општиот поим на организиран криминал.

Некои автори дефинирањето на поимот на организиран криминал го прават преку наведувањето и анализирањето на неговите општи карактеристики, како карактеристики по кои ова криминално дејствие добива свои особености и прави динстинкција од сите останати. Така, во оваа смисла Петровиќ и Меско (Petrovic и Mesko) зборуваат за мултидимензионалноста како карактеристика на организираниот криминал. Мултидимензионалноста на организираниот криминал всушност укажува на фактот дека потребно е негово проучување и согледување од различни аспекти, односно потребно е да се определи социолошката компонента, да се определи политичката конотација на организираниот криминал, да се земе предвид психолошката компонента, точно да се

определи нормативната компонента, како и да се определи канзнено-правната и криминолошката компонента. Ваквото разгледување на организираниот криминал е само потврда за штетните последици кои настануваат од самото криминално однесување, како за една држава, така и за светот во целина. Скоро и да не постои сфера во општествени рамки која не претрпува штетни последици како резултат на практикувањето на дејствијата на организираниот криминал. Па така, во оваа смисла би можело да се зборува за последици по економскиот систем, последици по правниот систем, последици по политичкиот систем и слично.[1]

Од македонските автори, Котовчевски при дефинирањето на организираниот криминал зборува за два поединечни пристапи за определување на оваа општествено негативна појава. Првиот пристап за определување на организираниот криминал Котовчевски го поврзува со лицата кои се појавуваат како сторители на истиот, односно зборува за организираните криминалци кои секако дејствуваат на еден организиран механизам во рамките на организираните криминални организации. Според начинот на определување на организираниот криминал, овој пристап можеме да го сметаме за потесен во една научна смисла. Дополнително, Котовчевски зборува и за дефинирање на оваа појава во една поширока основа. Па така, според него, потребно е да бидат исполнети низа услови и околности за да би можеле да зборуваме за практикување на дејствија кои се подведуваат под организиран криминал. Во оваа смисла, потребно е да постои организирана криминална организација, да постојат лица кои би го практикувале организираниот криминал, да постојат елементи на применување и употребување на насилство, да постојат јасни амбиции за стекнување на определени имотни користи, како и нивно постојано зголемување, преземање на дејствија на убиства, како и нивно финансирање, и секако на крај злоупотребување на власта, преку нејзино постојано корумпирање.[2]

Дефинирањето на организираниот криминал не би можело да помине без презентирање на размислите на Камбовски за оваа негативна глобална појава. Камбовски

[1] Petrovic, Borislav, Mesko, Gorazd, Kriminologija, Pravni fakultet Sarajevo, Sarajevo, 2004 god., str.187 - 190

[2] Котовчевски, Митко, Облици на криминално делување на транснационалниот криминал, Филозофски факултет, Институт за одбрандбени студии, Скопје, 2005 год., стр. 34 - 38

дава сосема едноставна и кратка дефиниција на организираниот криминал, преку која ја потенцира суштината на ова криминално однесување. Камбовски истакнува дека голем дел од инкриминациите може да се подведат под организираниот криминал, при што истите се извршуваат од страна на здруженија кои функционираат на една злосторничка основа. Главната цел на овие здруженија е преку криминалните дејствија да остварат определена моќ, односно да остварат профит и имотно-правна корист. Криминалните дејствија кои се преземаат од страна на овие злосторнички здруженија се карактеризираат со големо ниво на агресија, односно големо ниво на насилство. Замислата на секоја криминална организирана групација се исполнува во заложбите истата да стане дел од легалниот систем на државата, преку едно испреплетување на организираните криминалци со државниот апарат, односно државниот систем. Ваквиот процес на имплементирање на организираните криминални структури во легалните текови на државата, ним треба да им обезбеди соодветен систем, кој во иднина би им гарантирал своевидна гаранција за заштита од кривично гонење.[3]

Стручната јавност и литература има посебно значење при определувањето на суштината на организираниот криминал, но сепак и бројните меѓународни документи се од посебна важност за определувањето на оваа појава. Конвенцијата од Палермо од 2000 година во светски рамки, претставува првиот меѓународен правен документ кој дава сеопфатна дефиниција на организираниот криминал. Дефинирањето на организираниот криминал во оваа Конвенција е направен преку потенцирањето на моментот на организираност на лицата за извршување на дејствијата на организираниот криминал. Па така, потребниот минимум на лица кои би можеле да извршуваат вакви дејствија на организиран криминал е определен на најмалку три лица, односно три лица кои дејствуваат како криминална групација која е организирана. Ваквата групација во реалноста дејствува во точно определено време и период, при што истата извршува бројни сериозни кривични дела, како инкриминации кои се споменати во самата конвенција.[4]

[3] Камбовски, Владо, Правна држава и организиран криминал, Правен факултет – Скопје, Скопје, 1996 год., стр. 7 - 10
[4] Конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал, Палермо 2000

Како што може да се забележи, бројни се дефинициите кои го определуваат поимот на организиран криминал. Во стручната јавност постои една општа согласност во пристапот на дефинирање на оваа појава, но сепак и понатаму останува потребата за нејзино постојано проучување и анализирање.

2. Карактеристични облици на организиран криминал

Феноменологијата на организираниот криминал, пред сè, треба да ни даде приказ на најкарактеристичните облици на ова криминално однесување. Всушност, преку феноменолошките аспекти на организираниот криминал, се создаваат услови да се утврдат манифестните форми на организираниот криминал во практиката. Веќе го потенцираме фактот дека скоро и да не постои инкриминација која не може да се подведе под општиот поим на организиран криминал, но сепак потребно е да се направи едно издвојување на оние инкриминации кои се најчести, во смисла на исполнувањето на битието на организираниот криминал, како забрането дејствие.

Во рамките на овој дел посебно ќе се задржиме на неколку инкриминации кои често се случуваат под капата на организираниот криминал, односно инкриминации кои им овозможуваат на криминалните организации да ги остварат своите цели, пред се целите на самиот организиран криминал. Треба да се напомене фактот дека постојат определени потешкотии при определувањето на манифестните форми и облици на организираниот криминал, од причина што истиот се карактеризира со голема интернационалност и мобилност, како и поради тоа што неговиот предмет не е конечно дефиниран, во смисла на инкриминациите кои може да се подведат под оваа криминална појава.

Во смисла на феноменолошкото определување на организираниот криминал, свој придонес дава Интерпол, кој согласно своите методи и техники, прави едно класифицирање на делата кои би можеле да се подведат под општиот поим на

организираниот криминал. Вакво класифицирање на делата на организиран криминал е потребно сè со цел да може да се изгради правилен систем на превенција од истиот. Во продолжение ќе ја претставиме класификацијата на Интерпол, во однос на инкриминациите кои се дел од организираниот криминал. Според Интерпол, кога зборуваме за организиран криминал, најпрво се мисли на инкриминации кои се насочени против индивидуи во општеството. Во рамките на овие инкриминации, особено би можеле да се истакнат следните, и тоа: дела на лишување од живот, односно убиства, дела на телесно повредување, дејствија со кои директно се загоруваат основните човекови слободи и права, разни дејствија кои овозможуваат сторување на порнографија и слично. Во ова класифицирање на организираниот криминал се опфатени инкриминациите против имотот, односно инкриминациите од областа на имотниот криминалитет. Кај типичните претставници во рамките на овие инкриминации може да се издвојат следните, и тоа: дела на разбојништва, дела на разбојнички кражби, дела на провалување, дела на изнудување, дела на кражба која се случува во меѓународни рамки, дела на кражби, при што последиците се чувствуваат во повеќе држави и слично. Следни во класифицирањето на делата во организираниот криминал се оние инкриминации кои се дел од криминалитетот на белите јаки, пред сè криминалитетот на белите јаки кој се случува во меѓународни рамки. Тука би можеле да ги истакнеме инкриминациите од областа на компјутерскиот криминалитет, инкриминациите кои значат сторување на измами во меѓународни рамки, дејствија на перење пари и други приноси од казниво дело и слично. Инкриминациите на фалсификување се исто така дел од класифицирањето на облиците на организираниот криминал согласно заложбите на Интерпол. Во рамките на општиот поим на фалсификување за потребите на организираниот криминал може да ги подведеме следните инкриминации, и тоа: фалсификување на уметнички слики, фалсификување на индустриски добра, фалсификување на разни документи, фалсификување на пари и сл. Како последен вид на инкриминации кои се споменуваат во ова класифицирање на делата во рамките на организираниот криминал, се инкриминациите на криумчарење. Во рамките на овие инкриминации може да се потенцираат следните дела, и тоа: тргувањето со луѓе,

тргувањето со наркотици, недозволеното тргување со определени добра, дејствија на шверцување.[5]

Митиќ, анализирајќи го прашањето за организираниот криминал, посебно се задржува на неговите феноменолошки облици во државите на Југоисточна Европа. Па така според неговите истражувања, како најчести форми, односно облици на организиран криминал кои се случуваат во рамките на државите од Југоисточна Европа се следните инкриминации и тоа: инкриминации кои се поврзуваат со недозволено тргување со дрога и наркотични средства, инкриминации кои се поврзуваат со недозволено тргување со автомобили, инкриминации кои се поврзуваат со недозволено тргување со оружја, инкриминации кои се поврзуваат со недозволено тргување со отпад кој е отровен, како и недозволено тргување со нуклеарни материи, инкриминации кои се поврзуваат со недозволено тргување со луѓе и криумчарење мигранти, инкриминации кои се поврзуваат со недозволено тргување со предмети кои се од културно и историско наследство, инкриминации кои се поврзуваат со недозволено тргување со производи кои се за поширока потрошувачка, инкриминации поврзани со фалсификувањето, пред сè фалсификувањето на пари, инкриминации на перење на пари и други приноси од казнени дела, инкриминации на пиратерија, пред сè инкриминации против интелектуалната сопственост, инкриминации од областа на компјутерскиот криминалитет, инкриминации од областа на еколошкиот криминалитет, како и инкриминации од областа на насилничкиот криминалитет.[6] Вака широко претставениот предмет на организираниот криминал, во смисла на постоење на бројни инкриминации кои се дел од ова криминално однесување, е само потврда на веќе изнесеното тврдење дека приближно и да не постои инкриминација која не би можела да се подведе под општиот поим на организиран криминал.

Од странските автори внимание заслужува класификацијата на организираниот криминал која се прави од страна на Гунаратна (Gunaratna). Според овој автор, би можеле да истакнеме неколку инкриминации кои му погодуваат на организираниот криминал,

[5] Bossard, Andre, Police cooperation in Europe, Internacional Criminal Police Reviw, No. 343, 1988, p 56 - 59

[6] Митиќ, Кирил, Организиран криминал и неговите импликации врз безбедноста на земјите од Југоисточна Европа, Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2013 год., стр. 106 - 158

односно инкриминации кои овозможуваат да се постигне битието на ова криминално однесување, како и да се постигнат целите на криминалните организации. Па така, во оваа смисла се истакнуваат следните криминални и забранети дејствија, и тоа: дејствија на тероризам кои се исполнуваат од страна на организирани криминални групации, дејствија кои овозможуваат недозволено тргување со оружје, дејствија кои овозможуваат тргување со опасни и недозволени материи, дејствија кои овозможуваат недозволено тргување со дрога и наркотични средства, дејствија на компјутерски криминалитет, преку кои се напаѓаат компјутерските системи, дејствија на рекетирање, дејствија на перење на пари и други приноси од казниво дело, дејствија на загрозување на животната средина и сл.[7]

Како што може да се забележи, различните автори се решаваат за различен пристап при класифицирањето на инкриминациите кои се дел од општиот поим на организираниот криминал. Од сите дефиниции и класификации на организираниот криминал кои ги претставивме, може да се дојде до заклучок дека во најголем дел истите се совпаѓаат, односно кај повеќе автори постои совпаѓање при определување на делата кои може да се сметаат како дел од битието на организираниот криминал. Сепак, треба да се потенцираат определени заклучоци во однос на тоа како најдобро би можело да се утврди дали некоја инкриминација може или не може да се подведе под општиот поим на оваа криминална појава. Појдовна точка во овој процес на класифицирање на делата кои се дел од организираниот криминал, секако е неговото поимно определување, односно неговото дефинирање. Иако стручната јавност изнесува бројни дефиниции во однос на организираниот криминал, сепак добар пристап за правилно определување на оваа појава е искористувањето на дефиницијата за организиран криминал која е наведена во Конвенцијата од Палермо од 2000 година, односно Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на Организацијата на обединетите нации. Дефиницијата, која е составен дел на оваа Конвенција, на еден содржаен начин прави определување на суштината на организираниот криминал, и воедно истата ја поставува рамката на оние криминални дејствија за кои може да се смета дека се извршиле во рамките на организирани криминални групации.

[7] Gunaratna, Rohan, Transnational threats in the post war era, Janes Intelligence Review, no. 1, London, 2001, p. 45 - 49

Организираниот криминал иако е интернационална појава, односно појава која лесно ги надминува националните граници на една држава, сепак најдобро е тој пред сè да се анализира во даден простор и во дадено време, за да би се добиле веродостојни податоци за самата криминална појава. Така, во оваа смисла треба да се има предвид фактот дека организираниот криминал во Република Северна Македонија и Романија или некоја друга земја не може да има во потполност исти особености. Меѓународната правна рамка за борбата со организираниот криминал само треба да биде почетен ориентир за секоја држава која самостојно треба да изгради механизми за борба со оваа криминална појава.

3. Особености на организираниот криминал

Феноменолошкото определување на една криминална појава, вклучително и на организираниот криминал, не може да биде целосно ако посебно не се потенцираат и анализираат особеностите на истата, односно да се потенцираат и анализираат особеностите на организираниот криминал. Детектирањето на особеностите на организираниот криминал е потребно сè со цел да се сфати процесот на неговото појавување и дејствување. Дополнително, особеностите на организираниот криминал треба да бидат од помош за институциите во димензионирањето на системот за борба и превенција од оваа криминална појава.

И по однос на ова прашање во стручната литература постои согласност за тоа дека особеностите на секој организиран криминал се доста бројни и дека истите треба посебно да се анализираат и набљудуваат во секоја дадена ситуација. Сепак, потребно е да се истаканат определени особености на организираниот криминал, како особености кои даваат можност да се направи динстинкција на организираниот криминал од другите видови на криминално однесување.

Габеров, анализирајќи го организираниот криминал, истакнува листа на негови особености, односно негови карактеристики, кои всушност прават разликување на овој

вид на криминалитет од општиот, обичниот криминалитет. Според него, организираниот криминал се карактеризира со голем степен на повторување кај организираните криминалци, односно кај овој вид на криминал имаме постојано зголемување на степенот на рецидивизам. Се работи за криминалитет кој во голема мера е професионализиран и специјализиран, односно професионални и специјализирани криминалци ги извршуваат дејствијата на организиран криминал. При извршувањето на дејствијата на организираниот криминал, се забележува максимално искористување на придобивките од технолошкиот напредок. Во вкупното определување на организираниот криминал, доаѓа и до појавување на некои нови инкриминации, како инкриминации кои не биле својствени за минатото, како што е примерот со тргувањето на човечки органи. Самите криминалци се организираат во рамките на нивните криминални организации, при што истите дејствуваат на еден таен и конспиративен начин. Ваквиот начин на нивно дејствување само им ја отежнува работата на надлежните органи во насока на нивно откривање, односно во насока на спречување и превенирање на организираниот криминал. Исто така, за истакнување се и заложбите на организираните криминални групации за остварување на определени влијанија и моќ во рамките на државните структури, преку преземање на разни коруптивни и забранети дејствија. Поради најразлични причини, вистинската бројка на извршени инкриминации од областа на организиран криминал останува непозната за органите на прогонот, односно овој криминал се карактеризира со висока „темна бројка“.[8]

Некои други автори, имајќи предвид други критериуми, се решаваат за потенцирање на некои останати особености на организираниот криминал. Иако е можно во литературата да бидат потенцирани и некои други особености на оваа криминална појава, сепак треба да се има предвид фактот дека во најголемиот дел сите овие карактеритстики имаат свое совпаѓање.

Сациќ (Sacic), истражувајќи го и анализирајќи го организираниот криминал, дошол до определени заклучоци за особеностите на оваа појава. Неговите размислувања за особеностите на организираниот криминал се значајни од причина што истите се резултат на едно истражување во подолг период од десет години. Па така, според него би можеле

[8] Габеров, Марјан, Транснационален организиран криминалитет – трендови и случувања, Правдико, Скопје, 2014 год., стр. 1 - 12

да зборуваме за следните особености на организираниот криминал, кои би требало да се земат предвид како општоприфатени. Најпрво се работи за криминална појава која има висока изразена можност да се прилагоди на условите во стопанството и општите социјални услови. Криминалците кои ги остваруваат целите на организираните криминални организации дејствуваат на принципот на една трајна и нераскинлива поврзаност, при што овие дејствија во реалноста се извршуваат, односно се реализираат од поголем број на лица. Организираноста како особеност на овој вид криминалитет упатува на тоа дека криминалците дејствуваат со однапред подготвен план, нивните активности се преземаат на една трајна основа, конспиративноста и тајноста се силно изразени, степенот на професионализација на извршителите на криминалните дејствија е на многу високо ниво, и на крај, дејствијата кои се извршуваат имаат точно поставена цел. И овој автор го потврдува тврдењето дека постојат бројни инкриминации кои може да се подведат под општиот поим на организиран криминал, укажувајќи на тоа дека постои една разновидна феноменологија на организираните криминални организации. Голем дел од дејствијата кои се извршуваат за потребите на организираниот криминал се карактеризираат со голема доза на насилство, агресија и применување на сила. Дејствијата кои се извршуваат од страна на криминалците за потребите на организираниот криминал најчесто се прикриени, па како резултат на тоа, не е возможно да следи соодветна институционална реакција. Најчесто финансиите не претставуваат никаков проблем за организираните криминалци, односно големите финансии се само од помош за успешно остварување на замислените цели. Транснационалноста на организираниот криминал е само логична последица на сеопштиот технички и технолошки напредок во глобални рамки. И сосема на крај, авторот зборува за уште една особеност на организираниот криминал, а тоа е технологизацијата на криминалното дејствување на криминалците за потребите на организираниот криминал.[9]

Скулиќ (Skulic) зборува за неколку основни видови на особености, односно карактеристики на организираниот криминал. Според него секогаш кога се зборува за организиран криминал треба да се има предвид неговиот неидеолошки карактер, неговата хиерархиска поставеност на дејствување во рамките на организираните криминални

[9] Sasic, Zeljko, Organizirani criminal – metode suzbijanja, Informator, Zagreb, 2001 god., str. 28 - 34

групации, изразената тајност и конспиративност на дејствувањето, високиот степен на професионалност кај лицата кои се сторители на инкриминациите од областа на организираниот криминал, силната специјализација на работите на извршување на криминалните дејствија, постоењето на систем за саморегулација, односно правила кои единствено се однесуваат на криминалната групација, како и постоењето на систем за санкционирање на оние лица кои доследно не се придржуваат до овие правила за функционирање на самата криминална организација.[10]

Истражувајќи го организираниот криминал, може да се утврдат неколку негови особености, односно карактеристики, кои истиот го прават посебен во однос на сите останати криминални дејствувања. Дејствијата на организиран криминал секогаш се извршуваат на еден организиран принцип, од страна на лица кои дејствуваат заеднички во насока на постигнување на зацртаните цели. Криминалните организации, под чија закрила се извршува самиот организиран криминал, се карактеризираат со голем степен на конспиративност. Интересно кај организираниот криминал е тоа што истиот не е ограничен единствено на забранети и недозволени дејствија. Главната суштина на организираниот криминал се исцрпува во тоа што истиот се извршува од страна на група на лица кои дејствуваат заеднички, на еден организиран принцип. На сите овие особености на организираниот криминал, можеме да ги надополниме и следните, и тоа: посебноста на самото криминално дејствување, универзалниот и меѓународен карактер, големиот број на манифестни облици, преку кои се остварува битието на организираниот криминал, силното поврзување со државниот апарат и државните структури преку разни коруптивни дејствија, сè со цел обезбедување на соодветна заштита од кривичен прогон, и секако на крај заложбите за остварување на профит и имотна корист.

Вака претставените и анализирани карактеристики на организираниот криминал само зборуваат за специфичноста и сложеноста на оваа криминална појава. Преку особеностите на организираниот криминал, всушност треба да дојдеме до неговата суштина. Правилното и целосното запознавање на организираниот криминал во една феноменолошка смисла само ќе биде од помош за изградувањето на систем на превенција

[10] Skulic, Milan, Osnovna fenomenoloska obelezja organizovanog kriminalitet, Revija za bezbednost, br. 10, Beograd, 2010 god., str. 21 - 24

за борба против истиот. Феноменологијата пред сè е насочена кон откривањето на различните манифестни форми на оваа криминална појава, односно определувањето на различните инкриминации кои може да се подведат под општиот поим на организиран криминал.

4. Современ организиран криминал

Определувајќи ги особеностите на организираниот криминал, како и утврдувајќи ја неговата дефиниција, ќе се дојде до заклучок дека се работи за една штетна глобална појава, односно појава која е присутна во секоја држава без исклучок. Претходното разгледување на организираниот криминал, врз основа на неговото поимно определување, дава приказ на суштината на самото криминално однесување, односно определување на организираниот криминал во една традиционална смисла.

Менувањето на односите во општеството, постојаниот напредок на технички и технолошки план, сè поголемата професионализација на криминалците и нивната специјализација, доведуваат до еден процес на осовременување на криминалитетот, конкретно осовременување на организираниот криминал. Како резултат на овој процес, може да се зборува за таканаречен современ организиран криминал, кој според своите одлики и особености се разликува од традиционалниот организиран криминал, кој беше претставен претходно. Потребно е да се истражи и анализира суштината на овој современ организиран криминал, сè со цел да се создадат услови за изградување на превентивен систем за сузбивање на истиот. Како резултат на овој современ организиран криминал, доаѓа и до појавување на нови современи облици на самото криминално однесување, односно облици кои предизвикуваат разорни последици за поединецот и општеството во целина.

Најдобро суштината на овој современ организиран криминал може да се разбере и определи преку еден процес на негово компарирање со традиционалниот организиран криминал. Па така, во оваа смисла разликите може да се состојат во следното, современиот организиран криминал, пред сè, се разликува во традиционално поставениот

мефијашки стил кај традиционалниот организиран криминал. Посебно овие два вида на криминалитет се разликуваат во дистрибуцијата и централизацијата на моќта, кои се пресудни во успешното остварување на криминалните цели. Исто така, разликите може да се согледаат и во начините за одржување на контрола на определена територија, како и во самата поставеност на криминалната организација. Кај овој нов современ организиран криминал се забележува сè поголема фрегментација на криминалната структура и фрегментација на формалната врска во рамките на криминалната групација.

Новите облици на организиран криминал, односно современиот организиран криминал од традиционалниот организиран криминал можеме да го разликуваме и по примарната цел на дејствување на самите криминалци. Ако кај традиционалните организирани криминалци зборувавме за остварување на профит и некоја друга имотна корист како нивна примарна цел, сега кај современите облици на организиран криминал може да се зборува и за некои други цели на исполнување на самото криминално однесување, односно постигнување на некои други аспирации. Дукиќ (Dukic), истражувајќи ги современите облици на организираниот криминал, доаѓа до определени заклучоци во однос на овие нови аспирации на самите криминални организации. Па така, во оваа смисла тој зборува за заложбите за постигнување на што поголема финансиска моќ во едно општество, стекнување на определени привилегирани позиции во рамките на политичкото дејствување, стекнување на позиции во рамките на стопанскиот сектор, стекнување на позиции во рамките на локалниот апарат и државниот апарат, стекнување на определено влијание во различни групи во општеството и слично. Сите овие активности се преземаат со цел што полесно остварување на самите криминални дејствија, како и создавање на еден одбрандбен механизам. Дукиќ јасно истакнува дека ваквите состојби кај овој современ организиран криминал упатуваат на фактот дека истиот е голема доза на „негативна енергија“. Негативната енергија која е резултат на практикувањето на новите облици на современ организиран криминал директно се однесува на секоја држава, како и на целата меѓународна заедница.[11]

[11] Dukic, Stanimir, Aktivnosti i ekonomske posledici organizovanog kriminala u javnom sektoru, Univerzitet EDUCONS, Fakultet posleovne ekonomije, Sremska kamenica, 2013 god., str. 70 - 71

Во рамките на дејствување на криминалците под капата на овој современ организиран криминал сè повеќе се забележува интеракцијата која се воспоставува на релација криминалци со политичката елита, како и интеракција на криминалците со економската елита. Ваквата поврзаност на современите облици на организираниот криминал со политичката и економската елита придонесува за појавување на некои нови облици на криминално однесување, односно облици на криминалитет, кои стануваат многу потешки за откривање и спречување. Па така, во оваа смисла би можело да се зборува за економски криминалитет кој се извршува преку принципите на организираниот криминал, како и политички криминал кој се извршува преку принципите на организираниот криминал. Во овој дел имаме појавување на некои нови облици на економски криминалитет и политички криминалитет кои дотогаш не биле познати, односно се доаѓа до едно модифицирање на традиционалните облици и форми на економскиот и политичкиот криминалитет како резултат на нивното испреплетување со организираниот криминал.

Милошевиќ, Милосавлевиќ и Марјановиќ (Milosevic, Milosavljevic i Marjanovic), истражувајќи го организираниот криминал во рамките на државите од Југоисточна Европа, доаѓаат до заклучок дека истиот ги менува своите традиционални форми на дејствување, како резултат на новата поставеност на односите во општеството, како и како резултат на самиот технички и технолошки напредок. Според нив, може да стане збор за четири посебни облици на современ организиран криминал кои се најкарактеристични во државите од Југоисточна Европа. Така, во оваа смисла авторите зборуваат за трговијата со луѓе и криумчарењето на мигранти, илегалното производство и прометот со нарокотични средства и дроги, недозволената трговија со оружје, како и дејствијата на перење на пари и други приноси од казнено дело. Секој од овие посебни облици на современ организиран криминал има свои особености, кои му овозможуваат истиот да се класифицира во рамките на современите облици на организиран криминал. Тргувањето со луѓе и криумчарењето на мигранти од денешна гледна точка претставува сè позачестено криминално однесување, во смисла на исполнување на суштината на организираниот криминал, како криминални дејствија кои обезбедуваат големи профити, имаат многу мал ризик на откривање и секако за истите постои голема темна бројка. Недозволената

трговија со наркотични средства и дрога исто така се практикува под капата на овој современ организиран криминал. Високите профити, кои се остваруваат како резултат на самите криминални дејствија, се главната определба на криминалци за практикување на ваквите забранети дејствија. Тргувањето со оружје во контекст на современиот организиран криминал може да се анализира од две страни. Првата страна е всушност фактот дека ваквите криминални дејствија обезбедуваат и гарантираат високи профити. Додека пак, втората страна е фактот што трговците со оружје во најголемиот дел од случаите истовремено се појавуваат и како лица кои ова оружје го употребуваат. И сосема на крај, перењето на пари и другите приноси од казниво дело всушност на криминалците им овозможуваат легализирање на криминално стекнатите пари и нивно внесување во регуларниот и легалниот систем на работа.[12]

Кога се зборува за овие современи облици на организиран криминал, мора да се има предвид фактот дека истите предизвикуваат голема штетност за секоја држава, како и за глобалниот свет во целина. Фактот дека традиционалните облици на организиран криминал сега се модифицирани и истите се појавуваат како современи облици на криминално дејствување треба да биде поттик и за меѓународната заедница и за секоја држава одделно да изнајде нови начини и методи на спречување и сузбивање на овие нови криминални дејствија. Системот на превенција и сузбивање на секој вид на криминалитет, вклучително и на современиот организиран криминал, е од посебно значење за целото општество. Самиот факт дека имаме практикување на дејствија на современ организиран криминал во една држава упатува на тоа дека доаѓа до нарушување на редовните текови на опстојување на самото општество, се намалува или целосно се губи довербата на граѓаните во избраните власти од причина што државниот апарат не може или не сака да се справи со овие облици на криминално дејствување, доаѓа до постепено уништување на стопанството, а со тоа и на економскиот систем во целина, се блокираат реформите во државата кои треба да обезбедат развој на самото општество, доаѓа до намалување на потенцијалните инвестиции во државата, се нарушува угледот на државата во

[12] Milosevic, Milan, Milosavljevic, Branislav, Marjanovic, Marjan, Organizovani kriminal kao factor ugrozavanja bezbednosti Jugoistocne Evrope, Bezbednost u postmodernom ambijentu – Knjiga XXIII i XXIV, Centar za strateski istrazivanja nacionalne bezbednosti – Cesna, Beograd, 2018 god., str. 1 - 14

меѓународни рамки, а следствено на тоа и се оневозможуваат процесите на интегрирање во рамките на меѓународната заедница и сл.

IV. ЕТИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

1. Поим на етилогија на организираниот криминал

Секој вид на криминалитет се појавува во рамките на една држава како резултат на определени фактори, односно причини. Етилогијата на едно криминално однесување всушност треба да ни даде одговор на прашањето зошто се појавува истото, односно кои се причините кои доведуваат до практикување на една криминална активност. Во оваа смисла, етиологијата на организираниот криминал треба да ги утврди и определи причините кои доведуваат до појавување на организираниот криминал. Потребно е да се утврдат причините за појавување на организираниот криминал сè со цел да може да се преземе општествена реакција во насока на сузбивање на самата криминална појава. Етиолошкото определување на организираниот криминал само е надополнување на веќе разработеното феноменолошко определување на ова криминално однесување. Правилното утврдување на феноменолошката страна на организираниот криминал и правилното утврдување на етилошката страна на организираниот криминал треба да претставува основа за системот на превенција и сузбивање на оваа криминална активност. Не би можело да зборуваме за изграден систем за превенција и сузбивање на организираниот криминал ако во една претходна фаза точно не ги определиме облиците на организираниот криминал, како и причините кои доведуваат до негово практикување во реалноста.

Етиолошкото определување на организираниот криминал треба да даде вистинска слика за оние фактори, кои се од непосредно значење за оваа криминална појава да се практикува во реалноста. Кога се зборува за фактори за појавување на организираниот криминал, треба да се има предвид фактот дека се мисли на криминогени фактори,

односно фактори кои создаваат почва и услови да се извршуваат инкриминациите кои може да се подведат под општиот поим на организиран криминал. Кога се прави обид да се определат овие криминогени фактори на организираниот криминал, секогаш е потребен пристап на нивно согледување во контекст на моменталната поставеност од односите во рамките на едно општество. Па така, во оваа смисла не би можеле да зборуваме за криминогени фактори на организираниот криминал, без притоа истите да ги доведеме во контекст на социјалните случувања и услови, економските односи, политичките односи, правните процеси, процесите на миграции, изразениот технички и технолошки напредок, интензивните процеси на глобализација и слично.

Во стручната литература слободно може да се тврди дека не постои општа согласност за тоа што можеме да го сметаме како криминоген фактор на организираниот криминал, односно она што можеме да го сметаме за етиологија на овој вид на криминално однесување. Од македонските автори, интересно е размислувањето на Лабовиќ и Николовски, кои истакнуваат дека секое етиолошко истражување на организираниот криминал создава определени потешкотии. Ваквото тврдење авторите го засноваат на особеностите на самата криминална појава, пред сè на фактот дека се работи за една појава која е транснационална, односно појава која е мултидимензионална и интернационална. Ваквото тврдење на Лабовиќ и Николовски не треба да нè упати на тоа дека истите се откажуваат од етиолошкото определување на организираниот криминал, напротив истите се решаваат за еден пристап на парцијално изучување на причините на организираниот криминал, преку утврдување на причините на секој вид на криминално однесување кое се подведува под општиот поим на организиран криминал. Во едно општо согледување на причините на организираниот криминал, односно причините на инкриминациите кои се дел од организираниот криминал, може да се издвојат неколку основни појдовни точки за истражување. Првата точка се поврзува со човековото битие, односно неговото определување како антрополошко и психолошко битие. Следната точка на истражување на организираниот криминал треба да се бара во социјалната сфера на општеството, како и во културната сфера на опптеството. И сосема на крај, третата точка на истражување на причините на организираниот криминал треба да биде насочена кон

состојбите кои опстојуваат во политичката сфера во општеството, како и состојбите кои опстојуваат во економската сфера на општеството.[13]

И Камбовски изнесува свои размисли во врска со етиолошкото определување на организираниот криминал. Интересно кај него е тоа што тој прави едно локално определување на причините за појавување на организираниот криминал, односно ги утврдува криминогените фактори кај ова криминално однесување кај земјите кои го поминуваат или го поминале процесот на транзиција. Пред сè, Камбовски истакнува дека во рамките на општеството се појавуваат определени групации кои многу лесно се прилагодуваат на ново настанатите односи во општеството. Токму овие новонастанати односи во општеството се од помош за самите тие групации истите да остварат определени економски добивки, како и да се стекнат со определени позиции на политичка моќ и превласт. Камбовски, определувајќи ја етиолошката страна на организираниот криминал, прави едно компаративно согледување на состојбите кои се однесуваат на оваа појава. Па така, тој доаѓа до заклучок дека криминогените фактори за појавување на организираниот криминал во Република Северна Македонија, Бугарија, Србија и Русија приближно и да се идентични со определени нијанси на разликување, кои настануваат како резултат на посебноста на самите државни и општествени системи. Кај сите овие држави може да се забележат определени групации кои ги искористуваат новонастанатите состојби и односи во општеството, и како резултат на тоа, почнуваат да практикуваат криминални дејствија кои се подведуваат под општиот поим на организиран криминал. Камбовски прави и определување на овие криминални групации во општествата кои се занимаваат со криминални дејствија од областа на организираниот криминал. Според него, се работи за поранешни полициски структури и поранешни државни структури кои искористувајќи го моментот, стекнуваат определена моќ и профит.[14]

Во некои истражувања определувањето на етиолошката страна на организираниот криминал се поврзува со правните односи во општеството, психолошките состојби, како и од поставеноста на бизнис елитите во општеството. Правото, односно правните односи и

[13] Лабовиќ, Миодраг, Николовски, Марјан, Организиран криминал и корупција – најнови теоретски димензии, практични консеквенции и методика на истражување, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010, стр. 56 - 61

[14] Камбовски, Владо, Организиран криминал, 2-ри Август, Штип, 2005 год., стр. 133 - 136

состојби во општеството самите по себе можат да претставуваат генератор за практикување на дела од областа на организираниот криминал. Недоволната правна рамка, односно недоволната правна уреденост и нормираност на организираниот криминал во една држава, може да доведе до ситуација на негово несанкционирање, односно да доведе до ситуација на негово одобрување. Дополнителен проблем во рамките на правниот систем може да предизвика и недоволната институционална соработка на органите кои се повикани да ги сузбиваат инкриминациите од областа на организираниот криминал. Не е доволно единствено донесување на правна рамка, односно легислатива со која се изјавува борба на организираниот криминал, напротив потребно е преземање на конкретни акции и мерки за да би се создале услови сите овие правни правила да бидат применети и имплементирани во практиката. Психолошките состојби исто така се истакнати како едни од причините, односно криминогените фактори на организираниот криминал. Овие психолошки состојби се поврзуваат со личните заложби на еден поединец во општеството за практикување на инкриминации од областа на организираниот криминал. Основна цел на овие криминалци секако се исполнува во желбата за остварување на големи профити, желбата за стекнување на определени повластени позиции во општеството, желбата за стекнување на моќ и превласт. Бизнис елитите, односно бизнисите исто така може да бидат од значење за продуцирање на организиран криминал во ситуација, во која планираните бизнис-цели се постигнуваат на многу полесен начин преку организираните криминални групации.[15]

Како што може да се забележи, прашањето за етиологијата на организираниот криминал е доста сложено и комплексно, па токму затоа истото треба да биде третирано сериозно. Потребно е да се воспостават правилни и издржани индикатори на истражување кои треба да овозможат определување на криминогените фактори на организираниот криминал. Треба да се има предвид фактот дека криминогените фактори на организираниот криминал треба да се согледуваат во една целовитост, за да би се постигнале најдобрите резултати. Не е возможно да се воспостават конечни криминогени фактори на организираниот криминал, па затоа е потребно истите да се согледуваат во

[15] http://www.ukessays.com/essays/sociology/organized-crime.php#ixzz3UizUqgq3, пристапено на 29.07.2020 год.

даден временски период и на даден временски простор. Во продолжение ќе биде направено претставување и анализирање на некои од криминогените фактори, кои се од посебно влијание во насока на појавување на организиран криминал.

2. Фактори за исполнување на организиран криминал

Иако потенцираме дека постојат определени потешкотии при определувањето на етиолошката страна на организираниот криминал, тоа не треба да нè наведе на фактот дека воопшто истата не може да се определи. Доколку би сакале да ги определиме факторите за исполнување на организираниот криминал, како криминогени фактори најдобар пристап е оној според кој организираниот криминал би се проучил во реално време, следејќи ги трендовите на оваа криминална појава.

Голем број на автори укажуваат на тоа дека кога се зборува за криминогени фактори, во смисла на организираниот криминал, треба да се има предвид фактот дека истите се бројни и разновидни. Големиот број на криминогени фактори се од посебно значење за исполнување на организираниот криминал на државно ниво, како и за исполнување на организираниот криминал на едно интернационално ниво. Не би требло да се негираат бројните криминолошки теории кои се занимаваат со проучување на причините на криминалните појави, вклучително и со проучување на причините на организираниот криминал. Сепак, кога сме на теренот на организираниот криминал, конкретно при определувањето на неговата етиолошка страна, најдобар пристап е оној кој предвид ги зема моменталните случувања, состојби и трендови во однос на самата појава.[16]

Ефикасноста и ефективноста на сузбивањето на инкриминациите од областа на организираниот криминал е во директна зависност од условите и причините кои

[16] Vukovic, Slavisa, Boskovic, Goran, Osnovni pristupi i mogucnosti prevencije savremenog organizovanog kriminala, Kultura polisa, Beograd, 2012 god., str. 53 - 59

доведуваат до појавување на самата криминална појава. Токму затоа многу е важно да се направи определување на криминогените фактори на организираниот криминал, за да подоцна би можело да се зборува за изградување на еден систем на превенција и сузбивање од оваа криминална појава.

Албанс (Albanese) прави определување и дефинирање на основните криминогени фактори кои доведуваат до практикување на дела од областа на организираниот криминал. Според него, би можело да се зборува за следните видови на криминогени фактори, и тоа: поставеноста на економскиот систем, поставеноста на државниот апарат, пред сè на извршаната власт во државата, спроведувањето, односно неспроведување на законите, промените кои настануваат во општеството, промените кои настануваат во техничка и технолошка смисла, како и поединечни фактори кои се специфицирани и се однесуваат на поединечни држави. Секој од овие наведени фактори имаат своја значајност во вкупното определување на етиолошката страна на организираниот криминал. Албанс дополнително прави определување на етиолошката страна на организираниот криминал преку компарирање на традиционалниот облик на организиран криминал од една страна и современиот облик на организираниот криминал. Ваквата компарација всушност од негова страна е направена преку исполнувањето на секој од овие два псоебни видови на организиран криминал, традиционалниот и современиот. Па така, кај традиционалниот организиран криминал можеме да зборуваме за следните облици на негово исполнување, и тоа: дејствија на хазардерство, дејствија на коцкање, тргување со дрога и наркотични средства, дејствија за практикување на проституција која се одвива на улиците, дејствија на рекетирање и лихварство, како и прикривање и скалдирање на робата која е стекната со криминалните дејствија. За разлика од овој традиционален организиран криминал, кај современиот организиран криминал може да се зборува за следните облици на негово исполнување, и тоа: коцкање преку интернет-платформи, проституција и тргување со луѓе, кои се организираат со помош на интернетот, дејствија на изнудување од големи бизнисмени, дејствија на корупција, киднапирање на функционери од големи компании, како и кражбата на интелектуалната сопственост и софтверот.[17]

[17] Albanese, Jay, The Prediction and Control of Organized Crime: A Risk Assessment Instrument for Targeting Law Enforcement Efforts, National Criminal Justice Reference Service, Rockvile, 2003, p. 15

Условите кои се исполнуваат и се создаваат во рамките на економскиот систем на една земја се детектирани како добра почва за развивање и појавување на организиран криминал. Веќе во повеќе наврати е докажано дека организираните криминални групации многу лесно, брзо и едноставно се прилагодуваат на промените кои настануваат во економскиот систем на една држава, односно промените кои настануваат во економската сфера. Прилагодувањето на криминалните организации на економските состојби истовремено се однесува на национален и на меѓународен план. Некои автори организираниот криминал го анализираат и истражуваат како бизнис, односно како бизнис кој од ден на ден обезбедува сè поголеми профити од една страна, но истовремено и како делување кое предизвикува огромни и штетни последици за општеството во целина, посебно за економскиот систем.[18]

Кога се анализираат економските состојби во една земја, како еден од предусловите за практикување на организиран криминал, задолжително би требало да ги претставиме и некои од поединечните криминогени фактори, кои директно се поврзуваат со економската сфера, при што истите може да доведат до практикување на организиран криминал. Така, во оваа смисла би можеле да ги издвоиме следните криминогени фактори од областа на економската сфера, како фактори кои влијаат врз организираниот криминал, и тоа: нискиот животен стандард на поединците може да влијаат во насока на извршување на дела од областа на организираниот криминал, големата побарувачка за определени добра и услуги кои сè уште се сметаат за забранети, како што е употребата на наркотичните средства или проституцијата, достапноста до услуги и средства кои се сметаат за забранети во една правна смисла, како и состојбите со конкуренцијата на пазарот, односно ниските заштитни граници на самиот пазар во смисла на лесното влегување на организираните криминални групации на истиот.

Анализирајќи ги условите кои овозможуваат практикување на криминално однесување, вклучително и практикување на организиран криминал неизбежно е да не се споменат промените кои настануваат во рамките на самите општествени односи. Па така, во оваа смисла слободно може да се тврди дека непостојаните општествени околности,

[18] Shelly, Louise, Transnational Organized Crime: An Imminent Threat to the Nation-State, Columbia Journal of International Affairs, No. 2, 1995, p. 8 - 10

нивното често менување, зачестеноста на воените и граѓанските конфликти, изразените социјални немири самите по себе може да доведат до практикување на инкриминации кои се од областа на организираниот криминал. Дека честите промени во рамките на општественото живеење може да доведат до практикување на организиран криминал се и размислите и тврдењата на Бошковиќ (Boskovic), според кој промените кои настанаа во поранешните држави од Социјалистичка Федеративна Република Југославија се доказ за ваквите тврдења. Во дадениот временски период во дел од овие земји е забележано како определени организирани криминални групации се прилагодуваат на новите промени во општеството, односно искористувајќи го моментот, се стекнуваат со големи профити и имотни користи.[19]

Државната власт, пред сè извршната власт во државата, исто така со своето дејствување може да влијае во насока на практикување на организиран криминал. Недонесувањето на законски прописи, со кои би се водела борба со организираниот криминал, неприменувањето на веќе донесените законски прописи, високото ниво на корупција во политичките редови, се само дел од активностите кои се преземаат или непреземаат од страна на државните власти, во насока на создавање на услови за практикување на организиран криминал. Во овој дел од посебно значење за исполнувањето на организираниот криминал може да се истакнат: ефикасноста на државните органи, ефикасноста на судство и јавното обвинителство, ефикасноста на локалната заедница во борбата со организираниот криминал, нивото на корупција кое влијае во насока на злоупотребување на службената положба од страна на лицата кои се дел од државниот апарат, како и промените во правната регулатива преку кои се прави еден систем на заштита на лицата кои дејствуваат под капата на организираниот криминал.

Дополнително свое значење во смисла на криминогени фактори за исполнување на организираниот криминал може да имаат и некои други околности и состојби. Тука во прв ред се мисли на географската поставеност на државата во смисла на практикување на организиран криминал, историската конотација на една држава за сторување на

[19] Boskovic, Milo, Organizovani kriminalitet, Policijska akademija, Beograd, 1998 god., str. 17 - 20

инкриминации од областа на организираниот криминал, како и културниот фактор за создавање на можности за практикување на оваа криминална активност.

Факторите за исполнување на организираниот криминал задолжително треба да се проучуваат во дадени општествени околности, од причини што само тогаш би можеле да се добијат определени заклучоци кои се веродостојни и кои се однесуваат на истражуваната појава. Согледувањето на факторите кои влијаат на исполнување на организираниот криминал не е доволно да се согледаат поединечно, напротив потребно е и нивно меѓусебно анализирање и донесување во една меѓусебна конотација. Во стручната литература се зборува за криминогени фактори од ендогена природа и криминогени фактори од егзогена природа, па токму овие два вида на фактори ќе се обидеме да ги разгледаме во контекст на организираниот криминал.

3. Фактори од ендогена природа за исполнување на организираниот криминал

Прашањето на етиологија на криминалитетот воопшто, а и прашањето на етиологијата на организираниот криминалитет се доста сложени и комплексни, па затоа треба поставување на соодветни пристапи на изучување на самите причини на криминалитетот, односно проучување на криминогените фактори на организираниот криминал. Во рамките на стручната литература се сретнуваат различни класификации на овие криминогени фактори на криминалитетот, сè со цел да се создадат услови за нивно полесно проучување и разбирање.

Стручната јавност е согласна околу тоа дека постојат бројни класификации на криминогените фактори кои се од помош за определување на етиолошката страна на едно криминално однесување, вклучително и за определување на етиолошката страна на организираниот криминал. Без разлика на фактот што постојат бројни класификации на овие криминогени фактори на криминалитетот, ние во овој дел ќе се задржиме на класификацијата на криминогените фактори, која упатува на тоа дека постојат

криминогени фактори од ендогена природа и криминогени фактори од егзогена природа. Веднаш треба да се потенцира фактот дека ваквото класифицирање на криминогените фактори иако се однесува на општиот поим на криминалитет, односно иако се однесува на секој вид на криминално однесување, сепак самото класифицирање наоѓа своја применливост и во определувањето на етиолошката страна на организираниот криминал.

Лажетиќ – Бужаровска, Нанев и Кошевалиска даваат поимно определување на двата вида на криминогени фактори, и на ендогените криминогени фактори и на егзогените криминогени фактори. Ендогените криминогени фактори се нарекуваат уште и внатрешни криминогени фактори од причина што се поврзуваат со личноста на лицето кое извршува некое криминално однесување. Додека пак, од друга страна, егзогените криминогени фактори се надворешни фактори и истите не зависат од личноста на сторителот на криминалното однесување. Овие егзогени фактори всушност се поврзуваат со поставеноста на односите во самото општествено живеење.[20] Во ваквото определување на криминогените фактори на криминалитетот може да се забележи дека истото упатува на тоа дека ендогените криминогени фактори всушност се од субјективна природа, додека пак, егзогените криминогени фактори се од објективна природа. Ваквото класифицирање на криминогените фактори наоѓа своја применливост и кај определувањето на причините за појавување на организираниот криминал.

Во рамките на овој дел ќе се задржиме повеќе на ендогените криминогени фактори, или факторите кои се од субјективна природа, а можат да бидат пресудни или се пресудни за извршување на некое криминално однесување, односно се пресудни за извршување на инкриминации од областа на организираниот криминалитет. Во рамките на овие ендогени криминогени фактори на организираниот криминал, би можело да се зборува за карактерот на личноста, за неговите лични способности, за мотивите на извршување на некое кривично дело, неговите ставови за преземање на конкретна активност во насока на сторување на некоја инкриминација и слично.

Како што може да се забележи, овие ендогени фактори за организиран криминал директно се поврзуваат со личноста на сторителот на самата инкриминација. Затоа

[20] Лажетиќ – Бужаровска, Гордана, Нанев, Лазар, Кошевалиска, Олга, Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Гинис, Прилеп, 2015 год., стр. 15 - 18

потребно е да се направи поимно определување на личноста на едно лице како би можело да се добие сознание за тоа што навистина претставува таа и како може да влијае врз едно лице истото да се појави како сторител на некои инкриминации, вклучително и сторител на инкриминации од областа на организираниот криминал. Во едно криминолошко анализирање на личноста на сторителот на една инкриминација, од посебно значење се ставовите на Ејсенк (Eysenck). Иако овие ставови се презентирани во текот на 70-те години на минатиот век, сепак истите имаат огромна значајност во смисла на определувањето на личноста на сторителот, односно во определувањето на личноста на криминалецот. Според него, кога се прави анализирање на личноста на сторителот на една инкриминација, задолжително треба да се земат предвид неколку елементи. Во прв ред секако е истражувањето и проучувањето на карактерот на личноста, односно како неговиот карактер може да влијае врз лицето истото да се појави како сторител на некоја инкриминација. Следен елемент кој е од значење за добивање на целосна слика на личноста на сторителот е неговиот темперамент, односно неговите темпераментни особини. Сосема на крај, третиот и последен елемент според Ејсенк се поврзува со физичкиот изглед на сторителот.[21]

При истражувањето и анализирањето на личноста на сторителот на едно кривично дело, секогаш треба да се има предвид дека се работи за субјективно битие, па токму затоа самиот процес на истражување и анализирање треба да биде направен на една поединечна, односно индивидуална основа. Процесот на истражување и анализирање на личноста на сторителот би требало да биде направен во контекст на оние норми и правила кои се општоприфатени во рамките на една заедница, па следствено на тоа, секое отстапување од овие правила и норми на однесување може да се поврзе со некои проблеми во рамките на личноста на сторителот на некое кривично дело.

Личноста на сторителот на инкриминациите задолжително треба да биде разгледувана и од еден психолошки аспект, со оглед дека се работи за елементи кои се од субјективна, односно лична природа. Поврзаноста на психологијата со криминолошките ставови и размислувања треба да биде гаранција за успешно проучување на личноста на сторителот на инкриминациите, вклучително и за успешно проучување на личноста на

[21] Eysenck, Hans, Crime and Personality, Routledge, Boston, 1964, p. 32

сторителот на инкриминациите од областа на организираниот криминал. За психолошкиот профил на личноста на сторителот на разните инкриминации своја значајност сеуште имаат ставовите на Радониќ. Според него, за ова психолошко разгледување на личноста на сторителот на инкриминациите би требало да се осврнеме на неколку елементи. Според него, како прв елемент кој би требало да биде проучен кај личноста на сторителот, секако е неговиот темперамент, односно неговите темпераментни одлики и карактеристики. Следен елемент за целосно определување на личноста на сторителот се карактерните особини. Проучувањето на карактерните особини на личноста на сторителот се само надоврзување на определувањето на неговите темпераментни особини. Не секое лице има способност да се јави во улога на сторител на некое кривично дело, па токму затоа потребно е да се проучат неговите способности за извршување на разни инкриминации. Добивањето на целосната слика за психолошкото профилирање на сторителот на разни инкриминации според Радониќ, е возможно само доколку се проучат и неговите телесни особености и карактеристики.[22]

Кога се истражува и анализира личноста на сторителот на некоја инкриминација, неизбежно е да не се споменат ставовите на Ломброзо. Иако теоријата на Ломброзо од денешен аспект скоро и да е надмината, сепак во една криминолошка смисла има свое значење за проучување на личноста на сторителот на кривичното дело. Проучувањата на Ломброзо го наведуваат на тоа истиот да дојде до заклучок дека може да се зборува за таканаречени родени криминалци. Основата на проучувањето на Ломброзо се содржи во воспоставувањето на тесната врска помеѓу криминалното однесување и телесната конструкција на лицето кое се појавува како сторител на некое кривично дело.[23]

Како што може да се забележи, ендогените криминогени фактори на криминалитетот имаат своја посебност и специфичност, од проста причина што истите директно се поврзуваат со личноста на сторителот, а секоја личност на сторителот е различна. Кога овие презентирани размислувања за ендогените криминогени фактори ќе ги доведеме на полето на организираниот криминал може да се утврди дека истите имаат своја применливост и значење. Утврдувањето на причините на организираниот криминал

[22] Radonic, Slavoljub, Psihologija licnosti, Nolit, Beograd, 1977 god., str. 225 - 228

[23] https://www.history.com/news/born-criminal-theory-criminology, пристапено на 29.07.2020 год.

врз основа на едногените криминогени фактори, задолжително претпоставува анализирање на личноста на сторителот на инкриминациите од областа на овој вид на криминалитет, за да би можело да се дојде до заклучок за тоа дали определени елементи на личноста влијаат во насока на сторување на криминални однесувања. Иако овие ендогени криминогени фактори се значајни за определувањето на етиолошката страна на едно криминално однесување, односно се значајни за определување на етиолошката страна на организираниот криминал, сепак треба да се има предвид фактот дека криминогените фактори кои се од егзогена, односно надворешна природа имаат многу поголемо значење.

4. Фактори од егзогена природа за исполнување на организиран криминал

За разлика од ендогените криминогени фактори кои се од лична природа, односно се сметаат за внатрешни фактори и се поврзуваат со личноста на сторителот, криминогените егзогени фактори се надворешни фактори, односно фактори кои се сметаат за надоврешни и истите настануваат како резултат на определени односи во општественото живеење. Во рамките на овие криминогени фактори од егзогена природа, може да се зборува за повеќе видови. Па така, може да се издвојат следните, и тоа: нивото на сиромаштијата, промените во рамките на општествениот систем, односите кои постојат во рамките на едно семејство, степенот на стекнато образование, влијанието на групите во рамките на општеството, влијанието на средствата за масовна комуникација и др. И тука како кај криминогените фактори од ендогена природа, треба да се потенцира фактот дека ставовите во врска со овие криминогени фактори од егзогена природа се однесуваат на секој вид на криминалитет, вклучително и на организираниот криминал. Во рамките на стручната криминолошка литература постои општа согласност околу тоа кои криминогени фактори би можеле да се сметаат како фактори кои се од егзогена природа, односно како надворешни фактори. Главниот критериум за разликување на овие егзогени криминогени фактори од ендогените криминогени фактори се состои во фактот што истите се од надворешна, односно објективна природа. Во продолжение ќе направиме разгледување на

овие криминогени фактори од егзогена природа и притоа истите ќе ги доведеме во контекст на организираниот криминал.

Степенот на сиромаштија во рамките на едно општество, во рамките на една заедница во даден момент може да се смета за поволна почва за практикување на разни криминални однесувања, вклучително и за практикување на инкриминации од областа на организираниот криминал. За да може да се утврди на кој начин би влијаела состојбата на сиромаштија на криминалитетот, во една претходна фаза потребно е поимно определување на самиот поим на сиромаштија. Поимот на сиромаштија директно се поврзува со состојбата на екстремно лишување од благосостојбата. Состојбата на сиромаштија кај едно лице всушност означува дека истото не поседува доволно финансиски средства за да би можело да опстои, односно дека истото се наоѓа под прагот на егзистенција во една финансиска, односно материјална смисла.[24] Слободно може да се тврди сека состојбите на сиромаштија самите по себе раѓаат криминалитет. Кога состојбите на сиромаштија би се довеле во контекст на организираниот криминал, може да се дојде до заклучок дека истата може да влијае, а и влијае врз лицата да извршуваат дела од областа на организираниот криминал. Фактот дека инкриминациите од областа на организираниот криминал обезбедуваат големи профити, е доволен поттик за лицата да се решат да станат дел од овој вид на криминално однесување.

Промените во општеството, односно промените во општественото живеење исто така може да продуцираат криминално однесување, вклучително да продуцираат и извршување на инкриминации од организираниот криминал. Промените во рамките на политичката сфера, промените во рамките на економската сфера, промените во рамките на правната сфера, промените во рамките на културната сфера се само дел од оние кои влијаат врз лицата истите да извршуваат кривични дела. Тектонските промени во општествениот систем на една земја, како што е примерот со земјите од транзиција, вклучително и Република Северна Македонија се испостави дека претставуваат погодна основа за практикување на дела од областа на организираниот криминал.

[24] Sukovic, Danilo, "Socijalni model Srbije u funkciji ekonomije siromastva i podsticanja ekonomskog razvoja", Ekonomsko – socijalna struktura Srbije, Ekonomski fakultet Univerziteta u Beogradu, Beograd, 2010 god., str. 440 - 446

Следен криминоген фактор од егзогена природа, кој може да се разгледува во контекст на криминалитетот, вклучително и на организираниот криминал, е семејството. Всушност, се поставува прашање на кој начин семејството како една општествена група може да влијае врз лицето истото да извршува разни криминални дејствија. Пред да се утврди поврзаноста на семејството со криминалитетот, потребно е поимно определување на семејството како главна општествена група во самата заедница. Според своите особености, семејството претставува примарна и најзначајна групација во рамките на едно општество. Семејството е таква групација која самата по себе треба да овозможи реализирање на биолошките и социјалните функции. Секако, како надополнување на овие функции се појавуваат и функцијата за репродукција, која се реализира во рамките на семјството, како и функцијата за егзистеницја.[25] Нецелосните семејства, семејствата во кои не се остваруваат основните функции, семејствата кои не функционираат според општоприфатените норми, во голем дел можат да се појават како креатори на лица кои подоцна би западнале во проблеми со криминалното однесување. Неостварувањето на функциите на семејството претставува ризик фактор за децата кои можат во некоја подоцнежна фаза да се појават како сторители на разни инкриминации, вклучително и на инкриминации од областа на организираниот криминал.

Во рамките на надворешните криминогени фактори кои може да влијаат врз едно лице да практикува криминални дејствија се посочува и образованието. Всушност, согласно голем број на истражувања, е дојдено до заклучок дека понискиот степен на стекнато образование може да биде причина за сторување и практикување на кривични дела, и обратно, повисокиот степен на образование во многу мал дел влијае врз лицата истите да се појават како сторители на разни инкриминации. Образованието е многу важен сегмент од животот на секој поединец. Остварувањето на образовната функција на образованието и остварувањето на воспитната функција на образованието е единствено возможна преку постоење на соодветен образовен систем во едно општество. Сулејманов на многу добар начин прави поврзување на постигнатиот степен на образование, односно на успехот во рамките на образовниот систем со криминалното однесување. Тој јасно

[25] Тоновски, Ѓорѓи, Социологија, Институт за истражување на туризмот, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Скопје, 2000 год., стр. 307

истакнува дека неуспехот во рамките на совладувањето на образовното градиво кај едно лице во подоцнежна фаза може да биде причина истото да практикува извршување на разни инкриминации.[26] Ваквото разгледување на образованието како криминоген фактор има свое значење и применливост и за определувањето на етиолошката страна на организираниот криминал.

Влијанието на групациите кои опстојуваат во рамките на едно општество исто така може да се категоризира во рамките на криминогените фактори кои се од егзогена природа, односно криминогени фактори кои се од објективна природа. Со оглед на фактот дека групациите кои опстојуваат во рамките на едно општество можат да влијаат позитивно или негативно врз членовите од самата групација, тогаш јасна станува можноста за остварување на негативно влијание во насока на практикување на криминални однесувања.

Во вкупното разгледување на криминогените фактори од егзогена природа посебно место заземаат и средствата за масовна комуникација. Средствата за масовна комуникација најдобро може да се сфатат доколку се анализираат под поимот медиум. Дополнително, потребно е определување на поимот мас-медиуми, за да би можело да се добие вистинска слика за самата појава која се истражува. Мас-медиумите во едно општество всушност ги означуваат оние медиуми кои достигнале голема популарност и кои како такви можат да влијаат врз лицата во позитивен или негативен правец. Имајќи ги предвид овие тврдења јасно станува дека мас-медиумите можат да влијаат врз поединците во насока истите да се појават како сторители на определени видови на криминалитет, вклучително и на организиран криминал.

Како што може да се забележи, криминогените фактори од егзогена природа на организираниот криминал исто така имаат своја значајност и улога во целокупното определување на етиолошката страна на овој вид на криминалитет. Најдобар пристап за целосно определување на етиолошката страна на организираниот криминал е оној кој при самото проучување ќе ги земе во предвид и ендогените криминогени фактори на

[26] Сулејманов, Зоран, Криминална политика, Графохартија, Скопје, 2003 год., стр. 236 - 238

организираниот криминал и егзогените криминогени фактори на организираниот криминал и истите ќе ги проучи на поединечна и заедничка основа.

V. ПРЕВЕНЦИЈА НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ НА МЕЃУНАРОДНО НИВО

1. Активности за превенција од организиран криминал во рамките на Организацијата на обединетите нации

Последиците кои настануваат како резултат на извршување на дејствијата на организираниот криминал не се само штетни за една држава, напротив истите својата штетност ја манифестираат и во глобални, меѓународни рамки. Проблемот на организиран криминал не е единствено државен, односно национален проблем, напротив поради неговата интернационалност и мултидимензионалност, истиот е препознаен и како проблем од меѓународен карактер, односно како проблем кој ги погодува сите држави без никаков исклучок. Имајќи ги предвид овие тврдења, постои потреба од воспоставување на една меѓународно правна рамка, која ќе биде од суштинско значење во борбата со организираниот криминал на едно меѓународно ниво. Борбата со организираниот криминал на меѓународно ниво претпоставува воедначеност и хармонизирање на правилата кои се однесуваат на системот на превенција од овој вид криминалитет, при што секогаш предвид треба да се има фактот дека овој меѓународен систем треба да биде прилагоден на националниот.

Доказ дека организираниот криминал веќе одамна е детектиран како проблем со меѓународно значење, се и конкретните активности кои се преземаат од страна на бројни меѓународни тела и организации, како и активностите кои се преземаат од самите држави во делот на воспоставување на успешна меѓународна соработка за борба со ова современо зло. Така во оваа смисла можеме да зборуваме за активности за превенција од организиран

криминал кои се преземаат во рамките на Организацијата на обединетите нации, активности за превенција од организираниот криминал кои се преземаат во рамките на Европската Унија, активности за превенција од организиран криминал кои се преземаат во земјите од Југоисточна Европа, како и конкретните активности кои се преземаат преку воспоставената меѓународна соработка на земјите во областа на превенцијата од организиран криминал. Сите овие активности, кои се преземаат во различни сфери на меѓународниот правен поредок, имаат свое значење за спречувањето и борбата со организираниот криминал. Токму затоа, во продолжение ќе биде направено анализирање на најбитните активности на овие меѓународни организации и тела во насока на спречување на инкриминациите од областа на организираниот криминал.

Во рамките на меѓународно правната борба со организираниот криминал посебно место заземаат активностите кои се преземаат од страна на Организацијата на Обединетите Нации.[27] Имајќи го предвид фактот дека токму оваа организација презема максимални заложби за зачувување и остварување на мирот во светски рамки, тогаш јасна станува и нивната определба за преземање на конкретни активности во насока на спречување на организираниот криминал.

Активностите кои се преземаат од страна на Организацијата на обединетите нации, во насока на спречување и превенирање од организираниот криминал, се манифестираат преку конкретната нормативна дејност на оваа организација. Неколку меѓународно правни документи кои се донесени од страна на Организацијата на обединетите нации имаат посебно значење за воспоставувањето на еден систем на меѓународна борба со организираниот криминал. Се работи за следните меѓународно правни документи на Организацијата на обединетите нации, и тоа: Конвенцијата на Организацијата на обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, или како што уште се нарекува Конвенцијата од Палермо од 2000 година,[28] Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, посебно трговијата со жени и деца,[29]

[27] https://www.un.org/en/, пристапено на 27.07.2020 год.
[28] Convention against transnational organized crime, United Nations, 2000
[29] Protocol to prevent, suppress and punish trafficking in persons especially women and children, United Nations, 2000

Протоколот против криумчарење мигранти на копно, на море и во воздух,[30] како и Меѓународната конвенција за сузбивање на финансирање на тероризам од 1999 година.[31]

Сите овие меѓународно правни акти и документи кои се донесени од страна на Организацијата на обединетите нации имаа своја значајност во концепирањето на системот на меѓународна борба со инкриминациите од областа на овој вид на криминалитет. Сепак, потребно е да се истакне фактот дека Конвенцијата на Организацијата на обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, односно Конвенцијата од Палермо од 2000 година има најголема значајност во концепирањето на овој меѓународен систем на борба и превенција од организираниот криминал воопшто.

Значајноста на Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал од 2000 година може да се согледа во фактот дека за првпат на еден сеопфатен начин се прави дефинирање и определување на организираниот криминал како глобална закана без исклучок за ниту една држава. Самата конвенција јасно истакнува дека последиците кои настануваат како резултат на дејствијата на организираниот криминал предизвикуваат многу големи и ненадоместливи штети за сите држави. Конвенцијата дури се решава феноменот на организиран криминал да го определи како едно од најопасните зла на глобалното општество. Од содржински аспект, конвенцијата содржи бројни дефиниции, мерки, активности и методи кои треба да бидат имплементирани во рамките на националните законодавства на земјите потписнички на самата конвенција. Како што може да се забележи, конвенцијата остава простор на државите потписнички на истата да направат имплементирање на решенијата во националното законодавство и истовремено да се направи прилагодување на состојбите во самите држави. Преку еден ваков процес на имплементирање на овие меѓународни решенија во националните правни системи, се очекува да се изгради еден издржан и соодветен систем за превенирање од инкриминациите на организираниот криминал.

Воспоставувањето на меѓународна и национална правна рамка не е доволно за спречување и успешна борба со организираниот криминал. Токму затоа под закрила на

[30] Protocol against the smuggling of migrants by land, sea and air, United Nations, 2000
[31] International convention for the suppression of the financing of terrorism, United Nations, 1999

Организацијата на обединетите нации се воспоставуваат определени правила и принципи преку кои би требало да се воспостави соодветна институционална борба со организираниот криминал. Изградувањето на функционални институции на национално ниво во бробата со организираниот криминал е гаранција за успешно превенирање на ова национално и меѓународно зло.

Правилата и прнципите кои се од суштинско значење за институционалната борба со организираниот криминал, се следните, и тоа: проценување на можните ризици кои може да доведат до појавување на инкриминации од областа на организираниот криминал, продолжување на борбата против организираниот криминал без никакви отстапки и без никакви исклучоци, воспоставување на систем на соработка на национално ниво помеѓу сите чинители во општестовто, сè со цел да се постигнат најдобри резултати против организираниот криминал, воспоставување на соработка помеѓу државите на едно меѓународно ниво во насока на спречување на организираниот криминал, воспоставување на таканаречено меѓусекторско партнерство и соработка во рамките на една држава, постојано следење на состојбите на терен и имплементирање на нови решенија во насока на прилагодување на системот на превенција со новите облици и форми на организираниот криминал.[32]

Како што може да се забележи, активностите на Организацијата на обединетите нации во насока на спречување и превенирање од организираниот криминал се од суштинско значење на меѓународно и национално ниво. Конкретните активности кои се преземаат под водство на Организацијата на обединетите нации, во смисла на превенирањето на организираниот криминал, промовираат еден пристап на отстранување на сите оние причини кои може да доведат до практикување на инкриминации од областа на организираниот криминал, наместо секоја држава да се занимава со последиците кои настануваат од ова глобално зло. Успешноста на борбата со организираниот криминал, која се спроведува под раководство на Организацијата на обединетите нации пред сè зависи од подготвеноста на самите држави да направат имплементирање на решенијата во нивните национални законодавства и секако истите реално да ги применат во практиката.

[32] slideplayer.com/slide/743097, пристапено на 27.07.2020 год.

2. Активности за превенција од организиран криминал во рамките на Европската Унија

Глобалноста на организираниот криминал, како проблем кој предизвикува штетни последици, е препознаен и од страна на Европската Унија. Во рамките на Европската Унија се преземаат бројни активности сè со цел да се создадат услови за успешно спречување и превенирање на дејствијата што значат сторување на организиран криминал.[33] Ако активностите на Организацијата на обединетите нации во поглед на спречувањето на организираниот криминал беше димензионирана на глобален план, тогаш активностите на Европската Унија за сузбивање на организираниот криминал се димензионирани на една регионална основа. Анализирањето на активностите кои се преземаат од страна на Европската Унија во поглед на спречувањето на организираниот криминал се значајни и за нашата држава, Република Северна Македонија, која недвосмислено ги истакнува аспирациите за полноправно членство во рамките на Европската Унија. Полноправното членство во Унијата освен што носи придобивки, носи и определени обврски, пред сè во смисла на хармонизирањето на нашето право со правото на Европската Унија. Дел од овој процес на хармонизација на националното законодавство, со европското, секако, се однесува и на правната рамка која го покрива прашањето за организираниот криминал.

Кога зборуваме за спречување на организираниот криминал во рамките на Европската Унија, треба да се истакне правната рамка која го овозможува самиот процес на превенирање на оваа појава. Во оваа смисла, од посебно значење е Договорот од Амстердам, кој се осврнува на потребата од спречување на различните дејствија на организиран криминал. Во самиот договор јасно се нагласува потребата од спречувањето на организираниот криминал. Сите дејствија кои се преземаат од страна на Европската Унија во овој дел се со цел да се обезбедат такви услови за живеење на граѓаните на

[33] https://europa.eu/european-union/index_en, пристапено на 28.07.2020 год.

Унијата, кои ќе гарантираат нивна благосостојба, како и максимална заштита на нивната слобода, гарантирање на нивната безбедност, како и непречено остварување на правдата.

Процесот на спречување на организираниот криминал под капата на Европската Унија претпоставува преземање на низа активности и мерки во насока на постигнување на посакуваните цели. Бреди (Brady) ги издвојува овие активности и мерки кои се од пресудно значење за спроведување на една успешна борба против организираниот криминал, како борба која се води под директно водство на Европската Унија. Според него, од суштинско значење се следните активности и мерки, и тоа: споделување на искуствата помеѓу оние лица кои се креатори на самите политики за превенирање на организираниот криминал, како и активна партиципација на лицата кои на експертско ниво се занимаваат со организираниот криминал, точно утврдување на целите и приоритетите за спроведување на процесот за превенција на организираниот криминал, утврдување на оние практики кои се сметаат за добри и ефикасни во спречувањето на организираниот криминал, односно постигнување на една согласност на ниво на унијата во поглед на дејствијата кои ќе бидат преземени. Остварувањето на заштитата и спречувањето од организираниот криминал претпоставува дека истите ќе бидат засновани на еден методолошки пристап, како пристап кој треба да биде искористен за изготвување на политки за спречување, нивно имплементирање во реалноста, како и нивно оценување и ревидирање, потребно е на постојана основа да се прави информирање на сите лица кои се дел од Европската Унија за значајноста на самиот систем на превенција од организиран криминал, задолжително да се воспостават механизми кои треба да обезбедат спроведување и реализација на заеднички проекти за превенција од организираниот криминал, и секако на крај сите оние политики кои се утврдени во рамките на Европската Унија во однос на борбата со организираниот криминал, задолжително треба да бидат евалуирани во контекст на целите кои биле поставени на почетокот и навистина што е постигнато во вкупната борба со организираниот криминал.[34]

Превенирањето на организираниот криминал во рамките на Европската Унија на доста соодветен начин е определено во рамките на Одлуката која се донесува од страна на Советот на Унијата во текот на 2001 година. Системот на превенцијата од организираниот

[34] Brady, Hugo, The EU and the fight against organised crime, Centre for European Reform, London, 2007, p. 36

криминал претпоставува преземање на мерки и активности сè со цел да се обезбеди сигурност на граѓаните, како и намалување на дејствијата кои се сметаат за криминални и кои може да се подведат под општиот поим на организиран криминал. Широкиот спектар на активности и мерки кои треба да се преземат во насока на постигнување на целите на процесот на превенција од организираниот криминал, претпоставува постојана активност на голем број чинители во рамките на Европската Унија. Овој процес на превенирање на организираниот криминал претпоставува бројни активности на голем број субјекти. Па така, во оваа смисла посебна улога би имале владите на земјите членки на Унијата, владите на земјите кои имаат аспирации да бидат членки на унијата, сите надлежни институции во државите, агенциите кои се занимаваат со спречување и откривање на криминалните дејствија, локалните власти, здруженија кои би работеле на еден специјализиран принцип, активна вклученост на невладиниот сектор, активна вклученсот на јавноста, активна вклученост на медиумите, активна вклученост на стручната јавност и слично.

Европската Унија иако организираниот криминал го препознава како едно општествено и глобално зло, сепак како резултат на самата практика се издвојуваат неколку посебни инкриминации кои се сметаат за најчести во рамките на организираниот криминал кој се практикува во рамките на Европската Унија. Па така, во оваа смисла, сите активности кои се од превентивен карактер и кои се преземаат под раководна улога на Европската Унија се насочени кои спречување на следните видови на инкриминации, и тоа: инкриминации кои значат сторување на разни видови на измами, инкриминации кои се поврзуваат со тргување со оружје, инкриминации кои се поврзуваат со недозволено тргување со наркотични средства и дроги, инкриминации кои се поврзуваат со нелегално продавање на отровни материи, пред сè радиоактивен и нуклеарен материјал, инкриминации кои се поврзуваат со нелегално тргување со луѓе, дејствијата на перење на пари и други приноси од кривично дело, како и дејствија кои овозможуваат финансирање на тероризам. Ова издвојување на овие инкриминации не би требало да не наведе на тоа дека само тие се случуваат во рамките на организираниот криминал во Европската Унија, но сепак треба да се има предвид фактот дека истите се најзачестени и токму затоа потребен е превентивен пристап во насока на нивно спречување и навремено откривање.

Спроведувањето на превентивните активности во поглед на спречувањето на организираниот криминал под директно водство на Европската Унија претпоставува постоење и на соодветни институции кои би требало успешно да ја водат оваа борба со организираниот криминал. Во оваа смисла, треба да ги истакнеме следните институции кои функционираат во рамките на Европската Унија, како институции кои директно или индиректно ја спроведуваат оваа борба со организираниот криминал. Во прв план треба да се споменат активностите кои се преземаат од страна на Европол, кој според своите надлежности, се смета за агенција која е од разузнавачки карактер.[35] Следна институција која е дел од Европската Унија и која има свои надлежности и активности во смисла на спречувањето на организираниот криминал, е Европравда. Оваа институција, пред сè, се однесува на надлежностите на обвинителите и судиите во рамките на земјите членки на Унијата. Следна институција, значајна за спроведување на процесот на спречување на организираниот криминал, е Европската судска мрежа, како институција преку која треба да се создадат услови за воспоставување на меѓусебна соработка помеѓу земјите членки на Унијата. Исто така, своја значајност за процесот на превенирање и сузбивање на организираниот криминал во рамките на Европската Унија има и Европскиот форум за спречување на овој вид на криминалитет, како форум кој овозможува вклучување пред сè на невладиниот сектор и другите субјекти кои не се сметаат за владини во вкупниот процес на спроведување на превенција од организираниот криминал. Сосема на крај во вкупното институционално определување на борбата со организираниот криминал во Европската Унија се наоѓа Мрежата за спречување на различните облици на криминалитет во рамките на Европската Унија.

Како што може да се забележи, и во рамките на Европската Унија се преземаат низа активности и мерки во насока на спречување на организираниот криминал. Овие активности и мерки слободно може да се каже дека се од решителен карактер, со оглед на сериозниот пристап при нивното реализирање во практиката. Ваквиот пристап на Европската Унија во поглед на спречувањето на организираниот криминал е сосема оправдан ако се имаат предвид штетните последици кои настануваат како резултат на дејствијата на оваа криминална појава. Сите мерки и активности кои се преземаат под

[35] https://www.europol.europa.eu/, пристапено на 28.07.2020 год.

директно водство на Европската Унија, во смисла на спречувањето на организираниот криминал, имаат свое значење и за Република Северна Македонија, од причина што државата има истакнати и јасни аспирации за полноправно членство во рамките на Унијата.

3. Активности за превенција од организиран криминал кои се преземаат во земјите од Југоисточна Европа

Веќе во неколку наврати потврдивме дека организираниот криминал претставува светско, односно глобално зло кое е застапено во секоја држава без никаков исклучок. Посебно внимание во врска со тенденциите и случувањата на организираниот криминал, како и системот на превенција, привлекуваат земјите кои се дел од Југоисточна Европа. Ако се има предвид фактот дека Југоисточна Европа географски се наоѓа на источниот дел на Балканскиот Полуостров и на брегот на Црното море, тогаш може да се дојде до заклучок за земјите кои се дел од овој географски опфат. Па така, во овој дел може да се зборува за Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Косово, Република Северна Македонија, Романија, Србија и Црна Гора.

Ако посебно ги анализираме посочените земји, се доаѓа до заклучок дека дел од нив веќе се интегрирани во рамките на европските и атлантските интеграции, а кај останатиот дел сè уште се реализираат овие процеси на интегрирање. Организираниот криминал како криминално дејствување, како криминално однесување е присутно во сите овие земји без исклучок. Разликата пред сè се состои во појавните облици на организираниот криминал во различните земји, како и причините кои доведуваат до негово појавување. Во едно општо согледување на причините кои доведоа до појавување на организираниот криминал во земјите од Југоисточна Европа, може да се дојде до заклучок дека истиот настанува во текот на 90-те години на минатиот век, пред сè како

последица на економските и политичките промени кои на ова подрачје се одвиваа на еден драматичен начин, односно самите промени во општественото живеење се случија преку големи турбуленции.

Ова географско подрачје, односно замјите од Југоисточна Европа се значајни за проучување во контекст на организираниот криминал од неколку причини, и тоа: во рамките на овие земји се изведува таканаречен нов балкански криминален поредок со свои специфики и особености, постои силна спрега помеѓу криминалците и државните структури, високото ниво на корупција е голем проблем кај сите земји, криминалните групации изградуваат сопствени структури кои им овозможуваат високи профити и средства за финансирање на нивните активности. Слободно може да се тврди дека токму на овие подрачја на Балканот организираниот криминал во изминатите децении го достигнува својот максимум, односно се создаваат услови кои непречено им овозможуваат на криминалиците да ги извршуваат инкриминациите кои се дел од организираниот криминал.

Главните особености на организираните криминални групации во рамките на ова подрачје се карактеризираат во тоа што помеѓу истите се воспоставува лесна меѓудржавна соработка, при што криминалните дејствија многу лесно ги надминуваат државните граници. Пред сè се работи за добро организирани криминални групации кои се поврзуваат според нивното етничко потекло и преку просторот на кој ги извршуваат своите криминални активности. Проблемите кои настануваат како резултат на организираниот криминал не се однесуваат единствено на земјите од Југоисточна Европа, напротив штетите се мултиплицираат во една географска смисла и истите ги чувствуваат и останатите земји од Балканот. Како резултат на различните криминални дејствија на организираниот криминал кои се преземаат во земјите од Југоисточна Европа, доаѓа до нарушување на политичката стабилност во рамките на целиот Балкан, силно се напаѓаат и уриваат постулатите на правната држава, доаѓа до рушење на принципите на демократијата, и секако на крај се оневозможува општиот развој на општеството.

Со оглед на фактот дека организираниот криминал претставува реална закана за земјите од Југоисточна Европа, како и за останатите земји од Балканот, потребно е воспоставување на соодветен механизам на соработка, кој треба да обезбеди спречување и

превенирање на инкриминациите од областа на организираниот криминал на ова подрачје. Сè со цел ја потврдиме тезата дека организираниот криминал претставува реален проблем за земјите од Југоисточна Европа, во овој дел ќе презентираме еден извештај на Европол, кој се однесува на овој вид на криминалитет во подрачјето на Југоисточна Европа. Во извештајот Интерпол ги наведува најтипичните и најзастапени облици на организиран криминал во земјите од Југоисточна Европа. Па така, во оваа смисла се истакнува дека нарко криминалитетот има голема улога во определување на вкупната бројка на организираниот криминал на ова подрачје, потоа инкриминациите кои се поврзуваат со нелегалното тргување со дрога, инкриминациите кои се поврзуваат со нелегалното тргување со оружје, инкриминациите кои се поврзуваат со нелегалното тргување со луѓе, како и нелегалната трговија со цигари.[36]

Главниот институционален механизам кој опстојува во рамките на Југоисточна Европа и кој директно се однесува на спречувањето и сузбивањето на организираниот криминал е Советот за регионална соработка.[37] Преку овој Совет за регионална соработка, земјите треба да ја воспостават потребната комуникација во насока на спречување на дејствијата на организираниот криминал. Целите на овој Совет за регионална соработка може да се анализираат од неколку аспекти. Прво, потребно е промовирање на разни дејствија и активности кои треба да бидат поттик за државите од ова подрачје да воспостават заемна соработка, како и соработка за спречувањето на организираниот криминал. Следно, преку активностите на Советот за регионална соработка се прави и промовирање на потребите од забрзување на процесите на европско интегрирање на земјите, како и атланско интегрирање на истите. Крајната цел на сите активности кои се преземаат од страна на Советот за регионална соработка, секако, се исцрпува во подобрување на општата благосостојба во земјите, подобрување на условите за живеење, како и обезбедување на брз, соодветен и ефикасен развој.

Сите овие цели на Советот за регионален развој се остваруваат во практиката преку преземање на конкретни активности и мерки во различни сфери на општеството. Така, во

[36] https://www.europol.europa.eu/activities-services/main-reports/annual-report-2006, пристапено на 28.07.2020 год.
[37] https://www.rcc.int/, пристапено на 28.07.2020 год.

оваа смисла, потребно е преземање на мерки и активности во делот на економскиот систем на земјата, преземање на мерки и активности во насока на подобрување на социјалниот систем, обезбедување на соодветна инфраструктура, обезбедување на одржлив систем на енергетика, воспоставување на соодветна соработка во делот на остварување на правдата и внатрешните работи, воспоставување на механизми кои треба да обезбедат соработка во рамките на безбедноста, како и обезбедување на човечки капитал за во иднина и секако воспоставување на соработка на едно парламентарно ниво. Преземањето на овие мерки и активности се очекува да обезбеди постигнување на општата благосостојба, а следствено на тоа и да дојде до намалување на општиот криминалитет во овие земји, вклучително да дојде и до намалување на организираниот криминал.

Што се однесува до спречувањето на организираниот криминал во земјите од Југоисточна Европа, како клучна компонента се истакнува потребата од воспоставување на регионална соработка помеѓу земјите. Соработката која треба да биде воспоставена на една регионална основа е гаранција за успешно спречување на дејствијата кои значат сторување на организиран криминал. Интензивната соработка во овој дел во крајна линија треба да резултира со изградување на еден систем за превенција и сузбивање на организираниот криминал, односно да овозможи применување на еден системски пристап во борбата со инкриминациите од областа на организираниот криминал. Регионалната соработка, која би требало да биде воспоставена во насока на спречување на организираниот криминал во земјите од Југоисточна Европа, наоѓа и своја правна заснованост во бројни конвенции кои се од меѓународен карактер, како и бројни договори кои се склучуваат на билатерална основа. Сепак, не се доволни само конвенциите и билатералните договори за успешна борба со организираниот криминал во земјите од Југоисточна Европа, туку постои потреба од реална заложба на секоја земја одделно за преземање на мерки и активности за спречувањето на организираниот криминал.

Со оглед на фактот дека Република Северна Македонија е дел од Југоисточна Европа и истовремено има реален проблем со организираниот криминал, потребно е интензивирање на регионалната и меѓународната соработка со останатите земји за да би се

постигнале најдобри резултати во смисла на спречување на оваа негативна појава, како кај нас во државата, така и кај останатите.

4. Воспоставена меѓународна соработка во областа на превенција од организиран криминал

Со оглед на фактот дека организираниот криминал претставува глобална закана, се појавува потреба од што поголемо интензивирање на меѓународната соработка во насока на спречување на дејствијата што може да се подведат под овој вид на криминалитет. Како што веќе потенцираме, постојат различни механизми кои овозможуваат воспоставување на меѓународна соработка сè со цел да се постигнат најдобри резултати во смисла на превенирање на организираниот криминал.

Карактеристиката на организираниот криминал дека истиот се исполнува на едно интернационално ниво е од суштинско значење за димензионирање на меѓународната соработка помеѓу земјите, во насока на спречување и сузбивање на организираниот криминал. Ако криминалците кои дејствуваат во рамките на организираните криминални групации се интернационализирани, односно нивните дејствија се интернационализирани, тогаш јасна станува потребата за интернационализирање и на меѓународната соработка на земјите во насока на сузбивање на дејствијата на организираниот криминал. Потребата од една ваква широка борба против инкриминациите од областа на организираниот криминал е неопходна ако се има предвид фактот дека како резултат на неговите манифестни форми во реалноста, доаѓа до загрозување на голем број слободи и права, односно доаѓа до целосно загрозување на безбедноста на сите лица во општеството. Ова загрозување на човековите слободи и права, како и загрозувањето на безбедноста се прави во еден многу широк, глобален контекст. Фактот дека најголемиот дел од организираните криминални организации се поврзани меѓусебно и дејствуваат интернационално само укажува на потребата од изградба на систем за меѓународна соработка, кој би бил гаранција за спречување на дејствијата на организираниот криминал.

Ако од една страна можеме да зборуваме за транснационалноста на организираниот криминал, како една од неговите карактеристики, исто така може да се зборува и за транснационалноста на меѓународната соработка која би требало да биде воспоставена помеѓу земјите сè со цел да се создадат услови за спречување на организираниот криминал. Транснационалноста на оваа меѓународна соработка помеѓу земјите во суштина треба да манифестира слободно разменување на искуства, информации и преземање на координирани акции од страна на самите држави во насока на спречување на дејствијата на организираниот криминал. Сите активности, мерки и акции кои се преземаат од страна на државите во рамките на концептот на меѓународна соработка, би требало да се преземаат преку еден интернационален пристап, односно истите задолжително мораат да ги надминуваат границите на сопствената земја, од причина што проблемот на организиран криминал е глобална закана, па следствено на тоа потребен е и глобален превентивен одговор. Невоспоставената меѓународна соработка помеѓу земјите или слабата воспоставена соработка помеѓу земјите во овој дел со сигурност ќе доведе до зголемување на обемот на организираниот криминал, па токму затоа потребно е воспоставување на механизми за меѓусебна соработка.

Во едно широко определување на поимот на меѓународна соработка за борба со организираниот криминал може да се наведат различни механизми. Па така, може да се зборува за соработката која се воспоставува под директно водство на Организацијата на обединетите нации, соработката која се воспоставува под директно водство на Европската Унија, соработката која се воспоставува под директно водство на Советот на Европа, соработката која се воспоставува помеѓу земјите кои се дел од Југоисточна Европа, како и соработката која се воспоставува на една билатерална основа.

Соработката која би требало да се воспостави помеѓу две земји на основа на билатералноста, во смисла на спречување на дејствијата на организираниот криминал претпоставува преземање на низа активности и мерки. Па така, во оваа смисла би можело да се зборува за следните активности и мерки кои се очекува да се преземат од две држави во рамките на нивната билатерална соработка, и тоа: преземање на активности за утврдување на разните облици на организиран криминал кои се реална закана, преземање на активности во насока на поставување на приоритети на дејствување и во насока на

остварување на планираните цели, потребно е воспоставување на високо ниво на соработка помеѓу полициските органи кои се надлежни за откривање на инкриминациите од областа на организираниот криминал, преземање на конкретни активности во насока на откривање и детектирање на лица кои се дел од вакви организирани криминални групации, постојано разменување на информации и искуства помеѓу самите земји во однос на конкретно спроведени акции и опсервации и слично. Сите овие активности и мерки кои се очекува да се преземат од страна на државите треба да обезбедат гаранција за успешно превенирање од дејствијата на организираниот криминал во соодветните земји.

Соработката која се воспоставува помеѓу земјите на билатерална основа претпоставува применување на различни облици на соработка во практиката. Па така, во оваа смисла би можеле да зборуваме за соработка која се воспоставува помеѓу полициските органи, соработка која претпоставува разменување на информации, соработка која се воспоставува помеѓу судските органи во земјите, соработка која се воспоставува помеѓу јавните обвинителства и слично. Билатералната соработка која се воспоставува помеѓу земјите во насока на спречување на организираниот криминал претпоставува обезбедување на поддршка за сите субјекти кои преземаат конкретни активности во насока на превенција на овој вид на криминалитет, како и искористување на заеднички човечки ресурси и средства за успешно справување со оваа негативна појава.

Во рамките на оваа билатерална соработка на земјите за сузбивање на организираниот криминал, потребно е интензивирање на соработката помеѓу оние институции кои се најповикани за спречување на дејствијата на организираниот криминал, оперативната соработка е клучна во димензионирањето на успешна борба со организираниот криминал, разменување на агенти кои би дејствувале на прикриена основа се задолжителен лек од оваа билатерална соработка, истрагите кои се спроведуваат мора да бидат во добра координација помеѓу самите земји како би можело да се зборува за нивна успешност.

И Република Северна Македонија презема конкретни чекори и активности во насока на воспоставување на билатерална соработка за успешна борба со дејствијата на организираниот криминал. Така, во оваа смисла Република Северна Македонија има

склучено бројни билатерални договори кои овозможуваат воспоставување на билатерална соработка со земјите во насока на спречување на организираниот криминал. Во овој дел посебно ќе ја истакнеме билатералната соработка со Италија, во делот на спречувањето на организираниот криминал, како соработка која гарантира успешна борба со овој вид на криминалитет. Во текот на 2019 година помеѓу Република Северна Македонија и Италија се склучуваат два билатерални договори кои според својата содржина директно се однесуваат на превенирањето на организираниот криминал, како закана и за двете држави. Првиот договор е Дополнителниот билатерален договор кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош, со цел олеснување на нејзината примена. Додека пак, вториот договор е Дополнителниот билатерален договор кон Европската конвенција за екстрадиција за олеснување на нејзината примена. Со Договорот за екстрадиција се предвидува можноста за екстрадиција на сопствени државјани за кривични дела од организираниот криминал, корупција и перење пари. На овој начин, ќе се оневозможи државјанството да биде пречка во постапките за екстрадиција на лица осомничени и осудени за кривични дела од организираниот криминал.[38] Во рамките на оваа соработка која се воспоставува помеѓу Република Северна Македонија и Република Италија, треба да се истакне и потпишувањето на Меморандумот за соработка меѓу обвинителствата на овие две земји во текот на 2019 година.[39]

Билатералната соработка, која се воспоставува помеѓу земјите во насока на спречување на дејствијата на организиран криминал, е од пресудно значење за успешно справување со овој вид криминалитет. Затоа потребно е да се воспостават механизми на соработка кои би гарантирале воспоставување на билатерален систем за превенција од организираниот криминал.

[38] https://www.pravda.gov.mk/vest/2978, пристапено на 29.07.2020 год.
[39] http://jorm.gov.mk/potpishan-memorandum-za-sorabotka-meg-2/, пристапено на 29.07.2020 год.

VI. ПРЕВЕНЦИЈА ОД ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Поим на превенција од организиран криминал

Казнено-правното и криминолошко разгледување на еден вид на криминалитет нема да биде целосно ако не се направи анализирање и проучување на системот на превенција на истото. Превенцијата од еден вид на криминалитет е само надоврзување на неговото феноменолошко определување, како и на неговото етиолошко определување. Во оваа смисла, постојат јасни очекувања да се направи анализирање на системот на превенција на организираниот криминал, од проста причина што токму овој вид на криминалитет е предмет на наш непосреден интерес. Правилното определување и проучување на превенцијата на организираниот криминал е во директна врска со претходното феноменолошко определување на организираниот криминал, како и со претходното етиолошко определување на организираниот криминал. Превентивниот систем на еден вид на криминалитет, вклучително и превентивниот систем на организираниот криминалитет претпоставува дека во една претходна фаза целосно ќе бидат откриени и анализирани феноменолошките карактеристики на организираниот криминал, како и причините кои доведуваат до негово појавување во реалноста, односно неговата етиологија.

Пред да го претставиме поимот на превенција на организираниот криминал, потребно е определување на поимот на превенција во една општа, односно генерална смисла. Во едно етимолошко определување на поимот „превенција“ се доаѓа до заклучок дека истиот потекнува од латинскиот збор *preventivno*. Во својот буквален превод овој латински поим означува спречување, односно предупредување. Начинот на кој е направен преводот на самиот латински израз упатува на фактот дека се работи за спречување на некакви дејствија кои би се случиле во иднина, односно предупредување на некакви идни дејствија. При етимолошкото разгледување на поимот „превенција“, потребно е посебно да се задржиме на префиксот „пре“, од проста причина што со истиот се означува една

предвремена реакција, односно реакција пред да дојде до исполнување на некоја појава, која по сила на нештата треба да биде превенирана. Секој систем на превенција, кој е насочен кон превенирање од одредена појава, содржи определени елементи. Па така, во оваа смисла може да се зборува за активности кои се преземаат на една планска основа, како и активности кои се од организиран карактер, во насока на остварување на превентивните цели. Вака определената дефиниција на превенција во еден општ поим наоѓа своја применливост и во рамките на криминалитетот. Всушност, од веќе презентираните ставови и размисли за општиот поим на превенција, може да се дојде до заклучок за превенцијата која треба да се преземе во рамките на криминалитетот, односно во рамките на криминалното однесување. Во криминолошка смисла, под поимот на превенција всушност се подразбира преземање на конкретни мерки и активности кои треба да овозможат намалување на обемот на криминалитетот, како и до елиминирање на несигурноста која постои кај граѓаните како резултат на разните криминални дејствија. Целите на превенцијата на криминалитетот се единствено возможно остварливи ако во рамките на нејзинито реализирање партиципираат сите чинители во општеството, и тоа: државните власти, локалните власти, невладиниот сектор, медиумите, општата јавност и друго.

Кривокапиќ (Krivokapic), анализирајќи ги целите на превенцијата на различните видови на криминалитет, доаѓа до определени заклучоци за самиот превентивен систем. Според него, може да се зборува за примарна цел на превенцијата на криминалитетот, како и за дополнителни цели на превенцијата на криминалитетот. Примарната цел на превенцијата на криминалитетот во реалноста се исполнува преку заложбите за утврдување и изнаоѓање на најдобрите можни методи и средства, со чија помош би требало да се обезбеди превенирање од сторувањето на кривичните дела. За разлика од оваа примарна цел на превенцијата на криминалитетот, дополнителните цели на превенцијата на криминалитетот се поставени и определени на една поширока основа. Па така, во оваа смисла би можело да се зборува за следните дополнителни цели на превенцијата на криминалитетот, и тоа: анализирање на постојаниот систем на превенција од аспект на успешноста или неуспешноста на методите и средствата за реализирање на самиот превентивен систем, преземање на конкретни активности во насока на

подобрување на системот на превенција на криминалитетот, односно активности за негово усовршување, активности од објаснувачки карактер за пошироката јавност за средствата и методите кои се преземаат во рамките на системот на превенција од криминалитетот, како и потенцирање на актуелните и реалните проблеми на системот на превенција на криминалитетот во даден временски период, сè со цел да се преземат активности и мерки за негово подобрување. Мерките и активностите кои се преземаат во рамките на превенцијата на криминалитетот претпоставуваат партиципативна активност на сите чинители, односно субјекти во општеството. Преку самиот систем на превенција на криминалитетот се очекува да се обезбеди една целосна мобилизација во рамките на општеството, на сите поединци без исклучок, како би можело да се зборува за елиминирање на криминалитетот, односно за негово намалување. Ваквите превентивни активности и мерки во едно општество се неопходни во насока на спречување на криминалните активности ако се имаат во предвид штетните последици кои настануваат како резултат на самиот криминалитет. Секое криминално однесување отстапува од општоприфатените правни правила и вредности во општеството и како такво нанесува штети и за поединецот и за општеството во целина, па преку системот за превенција од криминалитетот се очекува да се создадат услови кои ќе овозможат елиминирање, односно намалување на овие криминални појави во општеството.[40]

Начинот на кој се воспоставува еден превентивен систем од било кое криминално однесување претпоставува дека е потребно да се делува во една претходна фаза, односно во една рана фаза пред криминалитетот да биде навистина извршен и пред да настанат последиците од истиот. Многу подобро е да се делува во една ваква превентивна фаза во насока на спречување на криминалитетот, отколку да се преземаат репресивни мерки во ситуација кога би имале веќе сторување на криминални дејствија и во ситуација кога веќе би постоеле конкретни штетни последици. Разгледувањето на превенцијата на криминалитетот задолжително треба да биде направено во контекст на репресијата на криминалитетот. Ако се анализира суштината и на двата поими, и на превенцијата на криминалитетот и на репресијата на криминалитетот може да се дојде до заклучок дека се работи за поими кои се во целост спротивни, од причини што преку истите се

[40] Krivokapic, Vladimir, Prevencija kriminaliteta, Policijska akademija, Beograd, 2002 god., str. 35 – 39

постигнуваат и различни цели. Според својот содржински опфат, превенцијата на криминалитетот е многу пошироко поставена, за разлика од репресијата на криминалитетот, но сепак треба да го потенцираме фактот дека и понатаму репресијата на криминалитетот е многу попопуларна за разлика од превенцијата од криминалитетот.

Превенцијата на криминалитетот треба да биде насочена, пред сè, кон оние причини и услови кои доведуваат до појавување на самото криминално однесување. Во оваа смисла, превенцијата на организираниот криминал треба да биде насочена кон причините и условите кои доведуваат до исполнување на облиците на самото криминално однесување, односно оние причини и услови кои доведуваат до исполнување на облиците на организираниот криминал. Сите активности и мерки кои се преземаат во рамките на превенцијата на организираниот криминал, треба да бидат сфатени како едно решение во смисла на спроведување на една успешна борба со ова криминално однесување во една рана фаза. Тешкотиите за кои зборуваме кај феноменолошкото определување на организираниот криминал и тешкотиите при етиолошкото определување на организираниот криминал самите по себе влијаат и на димензионирањето на системот на превенција од организираниот криминал. За да постои издржан систем на превенција на организиран криминал, потребно е целосно осознавање на феноменолошките карактеристики на овој вид криминалитет, како и точното детектирање на причините кои доведуваат до неговото појавување.

Милутиновиќ (Milutinovic), во криминолошкото разгледување на превенцијата на криминалитетот укажува на потребата од задолжителното преземање на плански активности и мерки кои треба да бидат засновани на веќе издржани податоци и факти кои се однесуваат на појавата која треба да биде превенирана.[41] Ваквото тврдење само упатува на потребата од воспоставување на еден плански систем за превенција на организиран криминал, како систем кој ќе биде заснован на реални искуства и факти.

[41] Milutinovic, Milan, Kriminalna politika, Savremena administracija, Beograd, 1984 god., str. 322

2. Правна рамка за превенција од организиран криминал во Република Северна Македонија

Проблемот на организиран криминал е присутен и во Република Северна Македонија, па токму затоа се преземаат низа на активности и мерки во насока на димензионирање на систем на превенција од овој вид на криминалитет. Треба да се има предвид фактот дека системот за превенција на организиран криминал во Република Северна Македонија директно е заснован на соодветни правни правила и прописи кои му даваат легалитет и легитимитет на истиот.

Во прв план секако треба да се спомене Кривичниот законик на Република Северна Македонија, како пропис кој прави законско определување на инкриминациите кои се дел од општиот поим на организираниот криминал.[42] Донесувањето на Кривичниот законик во текот на 1996 година за самата држава значеше значаен чекор во општата борба со криминалитетот воопшто, вклучително и со борбата со организираниот криминал. Сите негови подоцнежни изменувања и дополнувања се направени во контекст на реалните потреби и случувања во општеството. Исто така, во голем дел од одредбите од Кривичниот законик се имплементирани правни решенија од голем број меѓународни документи, вклучително и меѓународни документи кои регулираат материја која се поврзува со организираниот криминал. Бројните инкриминации, кои можат да бидат дел од општиот поим на организиран криминал, се дел од различни глави на самиот Кривичен законик. Од претходното анализирање и претставување на феноменолошката страна на организираниот криминал, конкретно од неговите појавни облици може да се дојде до заклучок дека во рамките на Кривичниот законик на Република Северна Македонија направено е соодветно инкриминирање на различните дејствија што се сметаат за организиран криминал.

[42] Кривичен законик, „Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017

Во прегледот на правната рамка, која се однесува на превенцијата на организираниот криминал во Република Северна Македонија, задолжително треба да се спомене и Законот за кривична постапка, како законски пропис кој се донесува во текот на 2010 година.[43] Донесувањето на Законот за кривична постапка во текот на 2010 година, во смисла на спречувањето на организираниот криминал, е значајно од повеќе апекти. Па така, преку самиот законски пропис се очекува да се направи подобрување на капацитетите во земјата кои се надлежни да се справуваат со сложените случаи на организиран криминал и корупција. Исто така, преку самиот законски пропис се прави зајакнување на улогата на јавниот обвинител во постапката, како и создавање на правосудна полиција која е во постојана соработка со јавниот обвинител. Токму оваа нова улога на јавниот обвинител во постапката треба да биде од значење за успешна борба со сите видови на криминалитет во земјата, вклучително и со организираниот криминал. Оваа нова и значајна улога на јавниот обвинител во рамките на кривичната постапка се потенцира во рамките на стручната литература, па така се истакнува дека на јавниот обвинител му стојат на располагање сет на процесни дејствија кои самите по себе се гаранција за успешна борба со криминалитетот.[44]

Во рамките на определувањето на правната рамка на превенцијата на организираниот криминал во Република Северна Македонија, задолжително треба да се спомене и Законот за јавно обвинителство на земјата, кој се донесува во текот на 2019 година, а кој почнува да се применува во текот на 2020 година.[45] Донесувањето на еден ваков нов Закон за јавно обвинителство во земјата е потребно, пред сè поради фактот што треба да се создадат услови за усогласување со постоечкиот Закон за кривична постапка на земјата, како и имплементирање на мерките кои се предвидени во рамките на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, и секако на крај да се направи доследно имплементирање на препораките на ГРЕКО.

[43] Закон за кривичната постапка, Сл. Весник на Република Северна Македонија, бр. 150/2010, 51/2011, 100/2012, 142/2016
[44] Бужаровска, Гордана, Ре, Дејвид, Карнасас, Мајкл, Истражни дејствија – Прирачник за практичари, OSCE, Скопје, 2010 год., стр. 28
[45] Закон за јавно обвинителство, Сл.Весник на Република Северна Македонија, бр.42/2020

Дополнително потребата од донесувањето на ваков законски текст може да се согледа и во недоволните активности во кривичните истраги на јавното обвинителство во целина, а особено на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција во случаи со висок политички предзнак, поради инволвираност на носители на високи политички функции во државата, придонесе за формирање на посебно обвинителство – Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Содржински, Законот за јавно обвинителство предвидува решенија кои се гаранција за успешна борба со организираниот криминал и корупција во земјата.

Законот за полиција исто така би требало да се категоризира во рамките на правните прописи кои се дел од правната рамка на превентивниот систем со организираниот криминал во земјата.[46] Успешната борба со криминалитетот, вклучително и успешната борба со организираниот криминал во земјата, е возможна единствено преку активна улога на полицијата. Доколку соработката помеѓу полицијата и јавното обвинителство не е воспоставена на потребното ниво во таква ситуација не би можело да се зборува за успешно справување со криминалитетот, вклучително и за успешно справување со организираниот криминал. Оваа соработка во никој случај не би требало да биде заснована единствено на декларативна основа, туку напротив потребно е преземање на конкретни чекори и активности во насока на создавање на услови за непречено соработување помеѓу полицијата и јавното обвинителство.[47]

Процесната улога на полицијата во кривичната постапка ѝ овозможува на истата слободно и непречено да ги спроведува и реализира своите надлежности во насока на успешна борба со криминалитетот, вклучително и со организираниот криминал. Посебната структурна поставеност на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија во една институционална смисла обезбедува успешна борба со организираниот криминал. Па така, во оваа смисла конституирани се Одделението за организиран криминал при Министерството за внатрешни работи, Одделението за дрога

[46] Закон за полиција, Сл. Весник на Република Северна Македонија, бр. 14/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016, 120/2016, 21/2018, 21/2018

[47] Лембовска, Магдалена, Стојковски, Филип, Проценка на полицискиот интегритет во Македонија, Аналитика, Скопје, 2016 год., стр. 23 - 26

при Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиско контраразузнавање, Царинската Управа, како и Финансиската полиција при Министерството за внатрешни работи. Сите дејствија кои се преземаат од страна на полицијата и од страна на специјализираните државни органи во насока на спречување на организираниот криминал се во директна координација до јавното обвинителство, како надлежен орган за спроведување на самата постапка.

Претходно наведените законски прописи се дел од вкупната правна рамка, која се однесува на системот на превенција на организиран криминал во земјата. Посочените законски прописи не би требало да не наведат на фактот дека тие се единствените кои се однесуваат на димензионирањето на правната рамка против организираниот криминал во земјата. Напротив постојат и други законски прописи кои овозможуваат доследно спроведување на мерките и активностите во рамките на системот на превенција од организираниот криминал. Во оваа правна рамка за превенција од организираниот криминал во земјата задолжително треба да се споменат и бројните конвенции кои ги има ратификувано Република Северна Македонија, како меѓународни документи кои уредуваат прашања поврзани со организираниот криминал воопшто.

Законските прописи кои ја формираат правната рамка за борбата со организираниот криминал во Република Северна Македонија може да се оцени генерално како солидна. Сепак, во реалноста е потребно преземање на конкретни чекори во насока на применување на самите законски решенија се со цел да се создадат услови за успешна борба со инкриминациите кои се дел од областа на организираниот криминал. Исто така, потребно е постојано следење и оценување на законската рамка од аспект на успешноста, односно неуспешноста на реализација на борбата со организираниот криминал. Следењето на тенденциите на организираниот криминал во земјата, како и тенденциите на ова криминално однесување во светски рамки се главната основа и содржинското уредување на самите законски прописи. Бројните нормативни активности кои се преземаат од страна на многу меѓународни организации во насока на превенција на организираниот криминал се само од помош за определувањето на правната рамка против овој вид криминалитет во Република Северна Македонија.

Вака определената правна рамка за превенција од организираниот криминал во Република Северна Македонија обезбедува соодветна институционална борба со ова криминално однесување. Во продолжение ќе биде направено претставување и анализирање на најповиканите надлежни институции во Република Северна Македонија за спречување на организираниот криминал.

3. Институционална рамка за превенција од организиран криминал во Република Северна Македонија

Борбата со организираниот криминал во Република Северна Македонија освен постоење на издржана правна рамка, претпоставува и постоење на институции кои непосредно треба да ја спроведат оваа борба. Доколку сакаме да обезбедиме успешна борба со организираниот криминал во земјата, од посебно значење е постоењето на оваа законодавна и институционална рамка.

Во Република Северна Македонија, врз основа на законските прописи кои се однесуваат на спречувањето и сузбивањето на организираниот криминал, воспоставен е систем на институции, кој гарантира успешност во борбата со организираниот криминал во земјата. Широк е спектарот на интитуциите кои се надлежни за преземање на различни дејствија во насока на спречување на организираниот криминал. Во оваа смисла, би можело да се зборува за следните институции кои се надлежни за справувањето со организираниот криминал во Република Северна Македонија, и тоа: Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Специјализираното судско одделение за судење од областа на организираниот криминал и корупција, полицијата, Бирото за јавна безбедност, Управата за безбедност и контраразузнавање, Финансиската полиција, Управата за финансиско разузнавање, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Агенцијата за разузнавање, како и Државната комисија за спречување на корупцијата. Во продолжение ќе направиме претставување на надлежностите на секоја од овие државни институции во делот на спроведувањето на борбата со организираниот криминал.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција претставува специјализиран државен орган во државата, кој е надлежен да ги гони сторителите на кривичните дела поврзани со организираниот криминал и корупцијата. Правна основа за конституирањето на оваа државна институција во системот на институции за спречување на организираниот криминал претставува Законот за јавно обвинителство на Република Северна Македонија, од 2019 година, како закон кој започна да се применува во текот на 2020 година.[48]

Специјализираноста, која е направена со формирањето на Основното јавно обвинителство за гонење на организираниот криминал и корупција, исто така е применета и кај судовите кои треба да постапуваат со дела поврзани со овој вид на криминалитет, како и дела кои се поврзуваат со корупцијата. Токму затоа формирано е Судско одделение за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупцијата. Како правна основа за конституирање на оваа државна институција е искористен Законот за судови на Република Северна Македонија.[49]

Полицијата исто така има многу значајна улога во спроведувањето на вкупната борба против организираниот криминал во земјата. Активностите кои се преземаат од страна на полицијата, а во сооднос со Јавното обвинителство се од пресудно значење за успешно спроведување на кривичното гонење на сторителите на инкриминации од областа на организираниот криминал. Правната основа за постапување на полицијата, во смисла на борба со организираниот криминал, е поставена преку Законот за полиција[50] и Законот за внатрешни работи на Република Северна Македонија.[51]

Бирото за јавна безбедност исто така претставува една од институциите која е надлежна за спроведување на борбата со организираниот криминал во земјата. Законот за полиција и тука се поставува како правна основа за конституирање на самата државна институција. Правната нормираност на Бирото за јавна безбедност произлегува од фактот

[48] Закон за јавно обвинителство, Сл.Весник на Република Северна Македонија, бр.42/2020
[49] Закон за судовите, Сл. Весник на Република Северна Македонија, бр. 58/2006, 35/2008, 150/2010
[50] Закон за полиција, Сл. Весник на Република Северна Македонија, бр. 14/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016, 120/2016, 21/2018, 21/2018
[51] Закон за внатрешни работи, Сл. Весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 05/2016, 127/2016, 142/2016, 190/2016, 21/2018

што истото според својата организациска поставеност претставува орган кој е во состав на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Работите кои се поврзуваат со системот на државна безбедност се доверени во рамките на Управата за безбедност и контраразузнавање на Република Северна Македонија. Со оглед на специфичноста на дејствијата и надлежностите кои ги има Управата за безбедност и контраразузнавање може да се дојде до заклучок дека во делот на спречувањето на организираниот криминал истата има надлежност за заштитување од потешки облици на организираниот криминал.[52]

Финансиската полиција претставува еден од државните посебни органи кој има свои надлежности во делот на борбата со криминалитетот, вклучително и на борбата со организираниот криминал. Во делот на спречување на организираниот криминал, Управата за финансиска полиција може да ги презема сите активности и мерки кои ѝ се дадени на располагање во согласност со Законот за финансиска полиција,[53] како активности и мерки кои треба да обезбедат навремено спречување и откривање на лицата кои се сторители на инкриминации од областа на организираниот криминал.

Во вкупната институционална рамка за борба со организираниот криминал свое место зазема и Управата за финансиско разузнавање. Специфичните надлежности на оваа Управа, пред сѐ, се исцрпуваат во преземањето на мерки и активности преку кои би требало да се откријат сторителите на дела кои се поврзуваат со перење на пари, како и финансирање тероризам. Секако за нас од посебен интерес се оние дела кои непосредно може да се поврзат со организираниот криминал.[54]

Управата за јавни работи на Република Северна Македонија исто така можеме да ја категоризираме во рамките на државните институции кои се надлежни за преземање на дејствија за спречување на организираниот криминал. Поврзувањето на Управата за јавни приходи со организираниот криминал најдобро може да се согледа во надлежностите на Управата кои се однесуваат на спроведување на надзор над применувањето на мерките и

[52] https://mvr.gov.mk/page/uprava-i-bezbednost-za-kontrarazuznavanje, пристапено на 30.07.2020 год.
[53] Закон за финансиска полиција, Сл. Весник на Република Северна Македонија, бр. 12/2014, 43/2014, 33/2015, 27/2016
[54] http://www.ufr.gov.mk/, пристапено на 30.07.2020 год.

дејствијата кои се утврдени со посебен закон, а се однесуваат на спречувањето на пари и други приноси од кривично дело. Правната основа за конституирањето на Управата за јавни приходи е направено во согласност со Законот за управата за јавни приходи.[55]

Исто така и Царинската управа на Република Северна Македонија можеме да ја категоризираме во рамките на институциите кои се дел од општиот систем за борба со организираниот криминал во земјата. Инкриминациите кои се поврзуваат со царинското работење, како дела кои може да се извршат во рамките на организираниот криминал, се предмет на спречување и откривање од страна на Царинската управа. Законот за царинска управа на Република Северна Македонија ја дава правната основа за конституирање на овој државен орган, како и правната основа за нејзините надлежности.[56]

Агенцијата за разузнавање на Република Северна Македонија исто така може да се разгледува од аспект на воспоставувањето на институционалната борба со организираниот криминал во земјата. Широките надлежности кои ѝ се дадени на Агенцијата за разузнавање со предметниот закон и овозможуваат на истата преземање на конкретни мерки и активности во насока на спречување на криминалитетот, вклучително и на дејствија кои може да се окарактеризираат како организиран криминал.[57]

Сосема на крај во ова вкупно определување на институциите кои се надлежни за спречување на организираниот криминал во земјата треба да се спомене и Државната комисија за спречување на корупцијата. Феноменот на корупција видовме дека е тесно поврзан со инкриминациите од областа на организираниот криминал, па токму затоа потребно е постоење на посебен државен орган кој би преземал активности и мерки во насока на спречување на сите овие коруптивни однесувања. Како правна основа за конституирање на оваа комисија се истакнува Законот за спречување на корупцијата на Република Северна Македонија.[58]

Сите претходно наведени и анализирани институции имаат своја значајност во спроведувањето на вкупната борба со организираниот криминал во Република Северна

[55] http://www.ujp.gov.mk/, пристапено на 30.07.2020 год.
[56] http://www.customs.gov.mk/index.php/mk/, пристапено на 30.07.2020 год.
[57] https://www.ia.gov.mk/, пристапено на 30.07.2020 год.
[58] https://www.dksk.mk/index.php?id=home, пристапено на 30.07.2020 год.

Македонија. Во овој дел треба да се потенцира фактот дека се работи за државни институции, односно институции кои се формирани врз основа на законски прописи и од кои се очекува да спроведат успешна борба со криминалитетот, вклучително и успешна борба со организираниот криминал. Секако во системот на превенција од организиран криминал во земјата своја улога има и невладиниот сектор, останати субјекти кои немаат статус на државни органи, општата јавност, медиумите и др.

4. Особености на системот за превенција од организиран криминал во Република Северна Македонија

Веќе го потенцираме фактот дека дејствијата на организираниот криминал претставуваат сериозна закана за сите поединци и за целокупното општество. Глобалниот карактер на појавата придонесува истиот да биде закана по општата безбедност на луѓето. Последиците кои настануваат како резултат на инкриминациите од областа на организираниот криминал ги чувствуваат сите, односно приближно и да не постои сфера во општеството која не може да биде нападната од ваквите криминални дејствија. Па така, во оваа смисла последици трпат сите, и тоа: системот на безбедност на државата, последици за социјалниот систем, последици за економскиот систем, последици на политичкиот систем, последици за културната сфера, и секако на крај последици за општиот развој на една земја.

Фактот дека од година во година во светски рамки постои зголемување на бројките на организираниот криминал се доволна основа за воспоставување на систем на превенција од ваквото криминално делување. Дополнително, потребата од системот на превенција од организиран криминал се наметнува и преку фактот што самите криминални дејствија предизвикуваат штетни и ненадоместливи последици за поединците и општеството.

Имајќи ги предвид овие тврдења, спроведувањето на борбата со организираниот криминал треба да биде поставен како приоритет со примарно значење за секоја држава без исклучок. Секако борбата со организираниот криминалитет нема да биде возможна

доколку не постојат соодветно поставени и конституирани институции кои би требало да ги преземаат конкретните активности, мерки и дејствија во насока на спречување на инкриминациите од областа на организираниот криминал. Системот на превенција на организиран криминал не е доволно да се спроведува само во границите на една држава, односно не е доволно истиот да се спроведува само на национално ниво. Успешноста на борбата со организираниот криминал, покрај тоа што зависи од капацитетите на државата, зависи и од нејзините можности за воспоставување на меѓународна соработка со останатите земји, во насока на спречување на дејствијата што значат сторување на организиран криминал. Соработката која треба да биде воспоставена во меѓународни рамки за борба со организираниот криминал, би требало да се одвива на неколку нивоа, и тоа, соработка на едно билатерално ниво, како и соработка која се одвива на едно меѓународно глобално ниво.

Со оглед на фактот дека организираниот криминал претставува сериозна закана за секое општество, потребно е секоја држава сериозно да му пристапи на оформување на системот на превенција од ова криминално однесување. Планскиот пристап е гаранција за успешно димензионирање на систем за превенција од организиран криминал, како пристап кој секако треба да биде поддржан и со соодветна стратегија. Борбата со организираниот криминал во една држава претпоставува максимална активност на сите субјекти во општеството, без разлика на фактот дали се работи за државни или невладини институции, или пак се работи за медиуми, или се работи за општа јавност. Многу е важно во рамките на едно општество да се направи зголемување на свеста кај популацијата за потребата од изградување на систем на превенција од организиран криминал, како и на општата јавност да им се претстават непосредно последиците кои настануваат како резултат на инкриминациите од областа на организираниот криминал.

Претходно наведените ставови и размисли се однесуваат на концепирањето на еден систем на превенција од организиран криминал во една општа, генерална смисла. Имајќи ги предвид овие тврдења и размисли ќе направиме обид за оценување на системот на превенција на организиран криминал во Република Северна Македонија. Оценувањето на системот на превенција на организиран криминал во државата истовремено ќе биде и од

помош за извлекување на општи заклучоци во однос на особеностите на самиот превентивен систем.

Во прв план секако треба да се направи оценување на правната рамка која се однесува на спречувањето на организираниот криминал во Република Северна Македонија. Во делот во којшто беше направено анализирање на правната рамка, која се однесува на организираниот криминал, веќе беше потенциран фактот дека истата е издржана и соодветно поставена во насока на конципирање на систем на превенција од организиран криминал. Дополнително правната рамка со која се димензионира овој превентивен систем во себе ги има имплементирано најдобрите меѓународни решенија и практики кои се користат во делот на спречувањето на организираниот криминал. Многу важно кај оваа правна рамка е истата да не биде само декларативно поставена, односно потребно е во земјата да се создадат непречени услови за нејзино непречено применување.

Следна околност која треба да се оцени, во смисла на успешноста на системот на превенција на организиран криминал во Република Северна Македонија, се институциите кои се надлежни за спроведување на оваа борба со организираниот криминал. Бројните институции кои се од државен карактер, кои беа претставени претходно претставуваат гаранција за спроведување на успешна борба со организираниот криминал во земјата. Дополнително во оваа институционална борба со ова криминално однесување, секако треба да се вклучат и останатите субјекти кои немаат статус на државни органи, како невладиниот сектор, медиумите и слично.

Следниот критериум за оценување на успешноста на системот на превенција на организиран криминал во Република Северна Македонија е оној кој се поврзува со меѓународната соработка на земјата со останатите земји во насока на спречување на инкриминациите од областа на организираниот криминал. Од денешен аспект слободно може да тврдиме дека Република Северна Македонија има воспоставено соодветна билатерална соработка и меѓународна соработка со останатите земји во насока на спречувањето на штетните последици од организираниот криминал.

Сите активности и мерки кои се преземаат во Република Северна Македонија во делот на спречување на организираниот криминал укажуваат на тоа дека земјата ја има

сфатено сериозноста на последиците кои настануваат како резултат на ова криминално однесување. Потребна е максимална вклученост на сите субјекти во општеството за да би можеле да зборуваме за оформување на еден превентивен систем од организиран криминал. Во овој дел треба да се истакне фактот дека без разлика на соодветноста на превентивниот систем од организиран криминал, организираниот криминал во целост во никој случај не би можеле да го елиминираме, но секако активностите и дејствијата кои се преземаат од разните субјекти во општеството треба да бидат од помош во насока на намалување на обемот на организираниот криминал. Борбата со организираниот криминал, која се спроведува во Република Северна Македонија, мора да биде одлучна, како истата би можела да се оцени како ефикасна и успешна. Секако добар пристап за спроведување на борбата со организираниот криминал во рамките на државата е оној кој во целост ќе ги почитува и барањата и ставовите на меѓународната заедница кои се однесуваат на спречување на инкриминациите од областа на организираниот криминал.

VII. КОМПАРАТИВНИ АСПЕКТИ НА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

1. Превенција од организиран криминал во Соединетите Американски Држави

Организираниот криминал претставува феномен кој се појавува и е присутен во сите држави без никаков исклучок. Постојат определени разлики во манифестните облици на овој вид криминалитет, причините кои придонесуваат за негово појавување, како и начините на кои самите држави се справуваат со дејствијата на организираниот криминал. Постои потреба да се направи едно компаративно истражување на превенцијата од организираниот криминал во останатите земји, сè со цел да се согледаат трендовите и случувањата на организираниот криминал во овие земји, како и да се согледаат начините на кои земјите се справуваат со дејствијата на организираниот криминал. Исто така, преку компаративното истражување на овие околности на организираниот криминал се очекува да се потенцираат најдобрите можни практики на спречување со организираниот криминал во останатите земји, и како такви практики да најдат своја применливост во рамките на системот на превенција од организиран криминал во Република Северна Македонија. За потребите на самото истражување ќе го анализираме и согледаме системот на превенција од организираниот криминал во следните држави, и тоа: системот на превенција од организиран криминал во Соединетите Американски Држави, системот на превенција од организиран криминал во Германија, системот на превенција од организиран криминал во Србија, како и системот на превенција од организиран криминал во Хрватска.

Глобалноста и транснационалноста како карактеристики на организираниот криминал придонесуваат истиот да биде присутен во американското општество, односно да биде присутен во Соединетите Американски Држави. Организираниот криминал во Соединетите Американски Држави има свои особености и своја историска генеза. Некои автори изнесуваат тврдења и факти дека овој вид на криминалитет, односно

организираниот криминалитет во Соединетите Американски Држави, се среќавал уште во текот на 19 век. Авторот исто така прави и географско определување на појавувањето на организираниот криминал, па истиот го поврзува со урбаните центри во големите градови на државата, односно оние урбани центри кои под влијание на различни услови и околности брзо се развивале. Постојаната потреба од алкохолни пијалоци, потребата од коцкање, како и потребата од проституција била задоволувана од страна на организирани криминални групации. Овие криминални организации своевремено биле организирани и биле составени од страна на Ирци, Евреи, како и Италијанци. Иако организираниот криминал во себе инкорпорира бројни дејствија на криминално однесување, сепак кога сме на американско тло, организираниот криминал најчесто се поврзува со дејствувањето на мафијата како криминален начин на организирање и дејствување. Начинот на кој опстојува мафијата е преку силно почитување на традицијата, професионалноста и секако хиерархиската поставеност на истата. Планското преземање на дејствијата со примена на насилство и закани им обезбедува на криминалците остварување на големи профити.[59] Финкли (Finklea), укажува на тоа дека организираниот криминал е реален проблем во американското општество и дека истиот покажува определени карактеристики и особености. Така во оваа смисла Финкли истакнува дека организираниот криминал во земјата е структурно поставен, истиот се случува на една постојана основа, организираниот криминал се карактеризира со примена на насилство и закани за примена на насилство, покажува големи тенденции за вклучување на системот на легално работење, постоење на висок степен на корупција и слично.[60]

Соединетите Американски Држави многу одамна го препознаваат организираниот криминал како сериозен проблем на општеството, па токму затоа преземаат низа на активности и мерки во насока на негово сузбивање. Овие активности и мерки пред сè се изразени на нормативно ниво, на институционално ниво, како и на едно меѓународно ниво во контекст на воспоставување на меѓународна соработка.

[59] https://fas.org/sgp/crs/misc/R40525.pdf, пристапено на 30.07.2020 год.
[60] Finklea, Kristin, " Organized Crime in the United States£, Trends and Issues for Congress, December 22, 2010, p. 23

Како главни институции во земјата кои се надлежни за спроведување на успешната борба со организираниот криминал може да се истакнат следните, и тоа: Секретаријатот за правда, Федералното биро за истражување, Управата за борба против дрога, Секретаријатот за вантрешна безбедност, Државниот секретаријат, како и Секретаријатот за трезор. Секоја од овие институции има точно определени надлежности во насока на спроведување на борбата со организираниот криминал во Соединетите Американски Држави.

Во оваа борба со организираниот криминал во Соединетите Американски Држави секако за истакнување е улогата на Државниот обвинител кој има активна и раководна улога во рамките на Секретаријатот за правда. Сите законски прописи, вклучително и законските прописи преку кои се воспоставува системот на превенција од организираниот криминал, се извршуваат со непосредна помош и коодинација токму на овој Државен обвинител. Од посебно значење за борбата со организираниот криминал во рамките на овој Секретаријат секако е посебниот совет кој е формиран токму за таа намена, односно за давање насоки во конципирање на борбата со организираниот криминал во земјата.

Федералното истражно биро, согласно неговите надлежности, ја има потполната одговорност за гарантирање на безбедноста во државата, како и создавање на услови за реализација на законите кои се донесени. Исто така, самото биро има големи ингеренции и во делот на реализацијата на кривичното законодавство. Вкупната борба со организираниот криминал во Соединетите Американски Држави е невозможно да се спроведе без активната улога на Федералното истражно биро. Токму затоа во рамките на самото Биро опстојува и функционира посебен оддел за организиран криминал, со назнака дека се работи за транснационален организиран криминал.[61]

Нарко криминалитетот, односно организираниот нарко криминалитет е посебен проблем во рамките на Соединетите Американски Држави. Токму затоа пристапено е кон формирање на специјализиран државен орган кој би ги спречувал дејствијата на овој вид на криминалитет, односно формирана е Управата за борба против дрогата.[62]

[61] https://www.fbi.gov/, пристапено на 30.07.2020 год.
[62] https://www.dea.gov/, пристапено на 30.07.2020 год.

Во вкупната борба со организираниот криминал во Соединетите Американски Држави, свое место зазема и Секретаријатот за внатрешна безбедност. Пред сè неговите активности и надлежности се насочени кон спречување на оние криминални дејствија кои се поврзуваат со терористичкото дејствување, но како криминални дејствија кои се од организиран криминален карактер, и како такви може да се подведат под општиот поим на организиран криминал.[63]

Секој превентивен систем претпоставува непречено спроведување на законите и останатите прописи. Токму преку улогата на Државниот секретар се создаваат неопходните услови во општеството кои се од значење за спроведување на самите законски прописи. Секако за нас од посебен интерес се прописите кои овозможуваат конципирање на систем на превенција од организиран криминал во Соединетите Американски Држави.

Сосема на крај треба да се спомене и Секретаријатот за трезор, како институција која е од големо значење во системот на превенција од организиран криминал во Соединетите Американски Држави. Пред сè надлежностите на овој Секретаријат се исцрпуваат во заложбата максимално да се заштитат сите финансиски интереси на Соединетите Американски Држави, односно заштита на оние финансиски интереси кои би можеле да бидат загрозени како резултат на различни криминални однесувања, вклучително и на организиран криминал.

Ако се прави целосна анализа на системот на превенција од организиран криминал во Соединетите Американски Држави, може да се дојде до заклучок дека истиот е поставен на една соодветна основа, и како таков ги дава посакуваните резултати и ги постигнува поставените цели.

[63] https://admissions.hsem.uaf.edu/homelandsecurity/?utm_source=google&utm_medium=search&utm_campaign=2020&utm_content=ad2, пристапено на 30.07.2020 год.

2. Превенција од организиран криминал во Германија

Проблемот на организиран криминал е застепен и во Република Германија, како една од земјите членки на Европската Унија. Без разлика на фактот што се работи за земја која има воспоставено соодветни институции, земја која има големи нормативни активности, како и земја која има непречена соработка со останатите земји, сепак организираниот криминал се појавува во општеството преку исполнување на сите негови различни облици и видови.

Штетите кои настануваат како резултат на организираниот криминал во Германија се видливи и многу големи, предизвикувајќи проблеми за функционирањето на различните сфери во општеството. Според едно истражување во Германија од 2019 година направено е мерење на штетите од организираниот криминал во пари. Па така е утврдено дека организираниот криминал во Германија предизвикал штета во вредност од околу 691 милиони евра во текот на 2018 година. Според ваквите бројки, кои се однесуваат на 2018 година, може да се заклучи дека во однос на 2017 година, истите се зголемуваат дури за три пати повеќе, што укажува на сериозноста на дејствувањето на организираните криминални групации во Германија. Овие бројки и состојби со организираниот криминал во Германија се утврдени и презентирани од страна на Сојузната канцеларија за криминална полиција на Германија. Извештајот на оваа канцеларија исто така се задржува и на испитување на уште една околност, а тоа е проценката на настанувањето на штета од организиран криминал во иднина во самата земја. Според анализата, утврдено е дека потенцијалот за закана од организиран криминал, како и потенцијалот за настанување на штета од организиран криминал за германското општество и понатаму е многу висок. Штетите кои настануваат како резултат на дејствијата на организираниот криминал во Германија од година во година бележат еден тренд на постојано зголемување. Ваквиот тренд, пред сè, се должи на новопријавените штети во врска со даночни и царински постапки, како постапки кои покажуваат голема застапеност во рамките на општата бројка на организираниот криминал во Германија. Во вкупното согледување на организираниот криминал исто така се издвојуваат и инкриминациите од областа на економскиот

криминалитет, како и инкриминациите од областа на имотниот криминалитет. Неспорно е дека дејствијата на тргување со дрога заземаат најголемо место во вкупното определување на организираниот криминал во Германија.[64]

Системот на превенција од организиран криминал во Република Германија задолжително треба да биде согледан во контекст на неговите основни елементи, кои всушност ја претставуваат основата на самата борба со ова криминално однесување. Па така, во оваа смисла може да се зборува за постоење на издржана правна рамка, која се однесува на спречување на инкриминациите од областа на организираниот криминал во земјата, постоење на соодветни државни институции кои се на нивото на задачата за спречување на дејствијата на организираниот криминал, и сосема на крај постоење на интензивна регионална, билатерална и меѓународна соработка на Германија со останатите земји во насока на спречување на дејствијата на организираниот криминал.

И покрај ваквата поставеност на системот на превенција од организиран криминал во Германија, некои автори зборуваат и за определени недоследности на самиот систем. Детектирањето на недоследностите на системот на превенција на организиран криминал претставува добра активност, од причина што во иднина би се направило подобрување на механизмите за превенирање на самата криминална појава. Според Хернандез (Hernandez), може да се зборува за три видови недоследности на системот на превенција од организиран криминал во Германија. Самиот факт дека се зборува за недоследности во германскиот превентивен систем од организиран криминал, укажува на тоа дека иститот не би можеле да го сметаме за совршен во целина. Првата недоследност, која влијае на општата борба со организираниот криминал во земјата, е недоволната законска определеност на поимот „криминална организација“ во рамките на Кривичниот законик на земјата. Различните дејствија кои може да се подведат под општиот поим на организиран криминал, како и дејствијата кои може да бидат извршени од страна на организирани криминални групации задолжително упатуваат на потребата од проширување на поимот на „криминална организација“. Ваквото проширување на законската дефиниција на овој поим треба да го олесни опфатот на што повеќе дејствија кои се извршуваат под капата на организираниот криминал во земјата. Следниот

[64] http://www.xinhuanet.com/english/2019-09/24/c_138419180.htm, пристапено на 01.08.2020 год.

недостаток на системот на превенција на организираниот криминал се детектира во недостатокот на мерки за олеснување на постапките против организирнаите криминални организации во земјата, како и следењето на истите. Овој недостаток, пред сè, се истакнува во неможноста за следење на организираните криминални организации во делот на нивното работење, така и во делот на нивниот стекнат имот. Следен фактор што ја отежнува борбата е во фокусот на германските спроведувачи на законот за кривични дела извршени од поединци, а не од организации.[65]

Дополнителен проблем на системот за превенција од организиран криминал во Германија е и фактот што голем број на организирани криминални групации токму Германија ја препознаваат како добро место за преземање на нивните криминални организирани дејствија. Во оваа насока се и ставовите на градоначалникот на Палермо, кој истакнува дека токму Германија претставува една од омилените земји на мафијата. Според него, традиционалната Коза Ностра буквало се има целосно раскомотено на германско тло. Како главни упоришта на самата Коза Ностра во Германија се истакнуваат: Келн, Леверкузен, Золинген, како и Дортмунд. Дејствијата кои се преземаат од страна на оваа криминална групација пред сè се однесуваат на тргувањето со дрога, како и тргувањето со оружје. Германскиот систем кај голем дел од мафиите кои функционираат и опстојуваат во светски рамки се смета за земја која обезбедува добри услови за работа, пред сè поради специфичноста на самиот правосуден систем.[66]

Институционалната борба со општиот криминал во земјата, вклучително и институционалната борба со организираниот криминал, се манифестира преку конкретни активности на неколку тела во Германија. Па така, во оваа смисла можеме да зборуваме за следните тела кои дејствуваат превентивно во смисла на спречувањето на дејствијата на криминалитетот, и тоа: Совети за превенција на криминалитет кои се распоредени во рамките на осум покраини во земјата, Постојани конференции на министри кои се знимаваат со спречување на криминалитетот (во овој дел може да се истакнат: Постојаната конференција на министрите за правда кои работат на прашања од областа на

[65] https://www.dw.com/en/germanys-backlog-in-its-battle-against-organized-crime/a-51648419, пристапено на 01.08.2020 год.
[66] https://www.dw.com/sr/mafija-u-nema%C4%8Dkoj-kao-kod-ku%C4%87e/a-40950624, пристапено на 01.08.2020 год.

правдата во врска со процесот на превенција, Постојаната конференција на министрите за внатрешни работи за справување со прашања од полициска превенција и сл.), Централната агенција за криминологија, која функционира како научен институт(самата агенција работи како посредник помеѓу криминолошките истражувања од една страна и практичната работа во системот на кривично право од друга страна), Координативна група на федеративно ниво, во смисла на спречување на дејствијата тргување со дрога, Меѓуресорска работна група на Федералната влада, која ги собира федералните министри во насока на преземање на конкретни мерки и активности за спречување на криминалитетот.[67]

Посебно за истакнување и поздравување се активностите на германската полиција, како активности кои се преземаат во насока на спроведување на успешна броба со организираниот криминал во земјата. Во практиката сведоци сме на зачестени полициски акции токму против криминалците кои се дел од овие организирани криминални групации. Сè со цел да се утврди сериозноста на пристапот на германската полиција во насока на спречувањето на организираниот криминал, во овој дел ќе презентираме една полициска акција која е спроведена во текот на 2018 година. Во текот на 2018 година германската полиција покренала конкретна акција која била насочена против организираниот криминал, вклучително издавањето на лажни визи, трговијата со луѓе, како и дејствијата на проституција, кои се изведуваат под капата на организираниот криминал. Според опфатот на самата акција, истата се смета за една од најголемите во земјата, како акција која е спроведена од таков вид. Лицата кои биле вклучени во самите криминални дејствија биле принудени својата заработка да ја даваат на своите шефови на организираните криминални групации, при што се стекнати големи имотни користи и приходи.[68]

Како и секој превентивен систем од организиран криминал, така и германскиот покажува определени слабости, но сепак во суштина истиот ги дава потребните резултати

[67] Kulach, Justyna, Whiskin, Nigel, Marks, Erich, Culture of prevention urban crime prevention policies in Europe: towards a common culture, European Commission – Directorate General Justice, Freedom and Security, Paris, 2006, p. 31 - 32

[68] https://www.blic.rs/vesti/svet/racije-u-celoj-nemackoj-velika-akcija-policije-protiv-organizovanog-kriminala/lls2ygq, пристапено на 01.08.2020 год.

и постигнатите цели, а тоа секако е спроведувањето на една успешна и одлучна борба со инкриминациите од областа на организираниот криминал.

3. Превенција од организиран криминал во Србија

Веќе го потенцираме фактот дека земјите од Југоисточна Европа претставуваат подрачја во кои се создаваат добри услови за функционирање и опстојување на организирнаите криминални групации. Во оваа смисла, може да се тврди дека организираниот криминал е доста застепен во Република Србија.

Грубац (Grubac), прави историско анализирање на појавата на организираниот криминал во Република Србија. Според него, дејствијата на организиран криминал во Србија претставуваат криминални дејствија кои се од понов датум. До почетокот на 90-те години или до постоењето на Југославија не можело да стане збор за постоење на организиран криминал. Затвореното социјалистичко југословенско стопанство, контролираниот пазар, добро контролираните граници, минималните трговски врски со останатите земји, не овозможиле настанување и развој на организираниот криминал.[69] За жал, состојбата со организираниот криминал во Република Србија е повеќе од сериозна, при што како резултат на дејствијата на ова криминално однесување, штетни последици претрпуваат сите поединци без исклучок, како и самото општество.

Системот на превенција од организиран криминал во Република Србија исто така е заснован на издржаната правна рамка, силната поставеност на самите институции кои се надлежни за спроведување на борбата со ова криминално однесување, како и воспоставената меѓународна соработка на ова поле. Доколку се обидеме да ја детектираме правната основа за борбата со организираниот криминал во Република Србија, се доаѓа до заклучок дека истата е резултат пред сѐ на фактот дека токму земјата има направено

[69] Grubac, Momcilo, Organizovani criminal u Srbiji, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, god. 46, br. 4, Split, 2009 god., str. 701

потпишување и ратификување на голем број конвенции кои се залагаат за успешна борба со ова современо зло.

Во вкупното определување на правните прописи во Република Србија, кои се од суштинско значење за борбата со организираниот криминал, може да се истакнат следните, и тоа: Законот за организација и надлежноста на државните органи за сузбивање на организираниот криминал, Законот за кривична постапка, Законот за одземање на имотот кој потекнува од сторено кривично дело, Законот за одговорност на правните лица за кривични дела, Законот за агенција за борба против корупцијата и друго.[70]

Вака поставената правна рамка на борбата со организираниот криминал во Република Србија, ги поставува и основите за конституирање на државните субјекти кои би требало да ја спроведат оваа борба во практиката, односно конституирањето на институциите кои се надлежни за борба со организираниот криминал во Република Србија. Така во оваа смисла можеме да зборуваме за следните институции надлежни за борба со организираниот криминал во земјата, и тоа: органите на Министерството за внатрешни работи, (Службата за борба против организираниот криминал, Организационата единица надлежна за финансиски истраги, Единицата за заштита на сведоци), органите на Министерството за правда (Обвинителство за организиран криминал, Надлежните судови, Установите за извршување на кривичните санкции, како и Дирекцијата за управување со одземениот имот), органите на Министерството за финансии (Управата за спречување на перење пари, Даночната полиција, како и Безбедносно – информативната агенција). Вака поставениот институционален систем за бробата со организираниот криминал во земјата, дава надежи за успешно справување со ова современо зло.

Службата за борба против организираниот криминал претставува организациона единица на Министерството за внатрешни работи на Република Србија, која се наоѓа во состав на Управата за криминалистичка полиција. Конституирањето на оваа служба е сè со цел извршување на работи во насока на борба со кривичните дела од областа на

[70] Zoric,Jovana, Pavicevic, Milica, Stopic, Milos, Borba protiv organizovanog kriminala u Srbiji – zakonodavstvo i praksa, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2008 god., str. 3 - 15

организираниот криминал.[71] Организационата единица надлежна за финансиски истраги претставува специјализирана единица на Министерството за внатрешни работи на Србија, која има задача за откривање на имотот кој потекнува од извршени кривични дела. Спроведувањето на финансиската истрага претставува основната задача на оваа единица, при што треба да се има предвид дека истрагата започнува во оној момент кога постојат основани сомневања дека некое лице поседува имот, кој е стекнат како резултат на сторување на некое кривично дело. Единицата за заштита на сведоците исто така има значајна улога во вкупната борба со организираниот криминал во Република Србија. Една од приоритетните задачи во ефикасната борба против ова криминално однесување е секако постоењето на соодветна заштита на лицата кои се подготвени да сведочат во постапките кои се водат пред државните органи. Токму оваа соодветна заштита се обезбедува од страна на Единицата за заштита на сведоците во Република Србија. И Службата за борба против организираниот криминал и Организационата единица надлежна за финансиски истраги и Единицата за заштита на сведоците функционираат во рамките на активностите кои ги презема Министерството за внатрешни работи на Република Србија, како активности во насока на спречување на организираниот криминал.

Следни државни органи кои се од значење за борбата со организираниот криминал во Република Србија, се оние институции кои дејствуваат под надлежност на Министерството за правда на Република Србија. Обвинителството за организиран криминал во Република Србија претставува централен орган за спроведување на борбата со организираниот криминал во земјата. Специјализираноста на овој државен орган се очекува да спроведе една успешна борба со разните дејствија на организиран криминал во земјата. Следни во оваа институционална борба со организираниот криминал во Република Србија се надлежните судови кои треба да постапуваат против сторители на дела од областа на организираниот криминал. Во овој дел треба да се истакне улогата на Посебното одделение за постапување во предметите за кривични дела од областа на организираниот криминал, како одделение кое функционира во рамките на Окружниот суд во Белград. Изречените санкции против сторителите на инкриминациите од областа на организираниот криминал во Република Србија, се извршуваат со помош на Установите

[71] http://arhiva.mup.gov.rs/cms_lat/UKP.nsf/sbpok.h?OpenPage, пристапено на 01.08.2020 год.

за извршување на санкциите. Конкретната активност на овие Установи за извршување на санкциите дава голем придонес за остварување на клучните цели на борбата со организираниот криминал во земјата. Во овој дел исто така треба да се спомене и Дирекцијата за управување со одземен имот, како посебна организациона единица во состав на Министерството за правда на Република Србија. Имотот кој е стекнат како резултат на извршување на разни инкриминации од областа на организираниот криминал задолжително се одзема.

Исто така, конституирани се и неколку органи под надлежност на Министерството за финансии на Република Србија во насока на спроведување на успешна борба со организираниот криминал во земјата. Управата за спречување на перење пари, според своите надлежности претставува финансиско тајна служба која пред сè е надлежна да обезбеди реализација на Законот за спречување на перење пари. Царинската полиција исто така зазема значајно место во вкупната борба со организираниот криминал во земјата. Во рамките на оваа Царинска полиција опстојуваат три посебни сектори, кои треба да овозможат извршување на нејзините непосредни надлежности, и тоа: Сектор за канцелариска контрола, Сектор за теренска контрола, како и Сектор за царинска полиција. Во овој дел треба да се споменат и активностите и надлежностите на Безбедносно – информативната агенција на Република Србија во спречувањето на организираниот криминал во земјата.

Во вкупното оценување на превентивниот систем на Република Србија од организиран криминал неизбежно е да не се спомене и воспоставената регионална, билатерална и меѓународна соработка. Денес Република Србија е потписник на голем број на меѓународни конвенции кои се однесуваат на борбата со организираниот криминал, на директен или индиректен начин. Дополнително, земјата воспоставува регионална соработка со голем број на земји од регионот во насока на преземање на конкретни мерки и активности за спречување на организираниот криминал како современо зло. Исто така, може да се забележи дека со голем број од земјите во светот, Република Србија воспоставува и билатерална соработка за борба со организираниот криминал.

Како што може да се забележи, системот за превенција од организиран криминал во Република Србија е поставен на една цврста основа, но сепак во практиката и понатаму

се забележуваат некои негови недоследности. Дополнително треба да загрижи фактот што и понатаму во земјата имаме зачестеност на сторување на инкриминации од областа на организираниот криминал.

4. Превенција од организиран криминал во Хрватска

Ниту Република Хрватска не е имуна на дејствијата на организираниот криминал, односно овој облик на криминално однесување покажува голема застапеност и во оваа земја. Рзлични се причините кои влијаат за појавување на инкриминации од областа на организираниот криминал во Република Хрватска. Системот во Република Хрватска, односно самата држава го препознава и детектира организираниот криминал како сериозна закана за безбедноста на граѓаните, закана за правниот поредок, закана за легалното работење во земјата, како и директна закана за функционирањето на државните институции. Кога се прават обиди за определување на етиолошката страна на организираниот криминал во Република Хрватска, пред сè треба да се спомене геополитичката и географска местоположба на оваа земја. Треба да се има во предвид фактот дека Република Хрватска се наоѓа на подрачје низ кое поминуваат голем број на рути на криумчарење, односно процес на криумчарење кој се одвива на релација Европа и Азија.

Имајќи го предвид фактот дека организираниот криминал претставува сериозна закана за земјата, Република Хрватска презема низа на активности и чекори во насока на воспоставување на систем на превенција од ова криминално зло. Оваа превентивна борба од организираниот криминал во земјата се води низ максимално почитување на фактот дека организираниот криминал претставува сериозна глобална закана, и затоа потребен е сериозен пристап за нејзино сузбивање.

Република Хрватска покажува активна соработка со сите релевантни меѓународни иницијативи за борба портив транснационалниот организиран криминал. Во делот на воспоставената меѓународна соработка на земјата треба да се истакне соработката која се воспоставува со органите на Организацијата на Обединетите Нации, односно соработката

која се воспоставува помеѓу надлежните тела на земјата со Канцеларијата за дрога и криминал со седиште во Виена, како и со Комисијата за сузбивање на криминал и казненото правосудство. Претставниците на Република Хрватска веќе неколку години активно учествуваат во работата на оваа Комисија за сузбивање на криминал и казненото правосудство. Што се однесува пак до регионалната соработка, треба да се истакнат активностите на земјата кои се преземаат во рамките на Центарот за имплементација на законот во Југоисточна Европа од Букурешт.[72]

Божиќ (Bozic), анализирајќи ги општите карактеристики на организираниот криминал како криминално дејствие се осврнува и на системот на превенција од организираниот криминал кој е воспоставен во Република Хрватска. Па така, тој доаѓа до заклучок дека манифестните форми на организираниот криминал се разликуваат од земја во земја, односно дека не можеме да тврдиме дека има потполно исти облици на организиран криминал во Република Хрватска и во останатите земји на транзиција. Исто така, авторот упатува и на разликување на ова криминална појава и во однос на високо развиените земји. Со оглед на фактот дека голем број од инкриминациите на организираниот криминал се поврзуваат со економскиот криминалитет, во Република Хрватска треба да се истакне применувањето на Законот за одговорност на правните лица и тоа од кривично правен аспект. Божиќ, истакнува дека борбата против организираниот криминал во земјата мора да се води преку еден мултидисциплинарен пристап, од причина што само тогаш може да се зборува за ефективно и успешно спречување на ова криминално однесување. Во оваа смисла, од посебна важност е и уредувањето на другите закони во земјата кои се однесуваат на останатите сфери, како што е управата, царината, инспекциските служби, канцелариите за сузбивање на организираниот криминал и слично.[73]

Во вкупната борба со организираниот криминал во Република Хрватска значајно место заземаат и правната рамка, како и поставеноста на државните институции кои се

[72] http://www.mvep.hr/hr/vanjska-politika/multilateralni-odnosi0/medunarodna-sigurnost/transnacionalne-prijetnje/organizirani-kriminal/, пристапено на 03.08.2020 год.
[73] Bozic, Vanda, "Suzbijanje organizovanog kriminaliteta u svjetlu pozitivnog kaznenog zakonodavstva Republike Hrvatske", http://transcrim.pravo.unizg.hr/wp-content/uploads/2017/01/Vanda-Bozic-Suzbijanje-organiziranog-kriminaliteta.pdf, пристапено на 03.08.2020 год.

надлежни за спречување на дејствијата на ова криминално однесување. Определувајќи ја правната рамка која се однесува на сузбивање на организираниот криминал во Република Хрватска, задолжително би требало да се споменат следните прописи и правни акти: Законот за канцеларијата за сузбивање на корупцијата и организираниот криминалитет, Кривичниот законик на земјата, Законот за кривична постапка, Законот за одговорност на правните лица за извршени кривични дела, Законот за спречување на судирот на интереси, Законот за спречување на корупцијата и друго.

Фактот дека Република Хрватска е полноправна членка на Европската Унија ѝ овозможува на истата да ја води оваа битка против организираниот криминал и во рамките на општата борба против ова криминално однесување, која се спроведува под раководство на Европската Унија. Потребата од хармонизирање на законодавството на Република Хрватска со законодавството на Европската Унија е само гаранција за успешно справување со инкриминациите од областа на организираниот криминал во земјата.

Компаративното разгледување на превентивните системи на Соединетите Американски Држави, Германија, Србија и Хрватска укажува на една одлучна борба која се води против организираниот криминал во светски рамки, односно сите анализирани земји организираниот криминал го имаат детектирано како сериозна закана и токму затоа активностите и мерките кои ги преземаат се преку еден сериозен и издржан пристап.

VIII. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

1. Анализа на истражувањето

Во рамките на овој дел на трудот претставени се резултати и анализи, добиени како резултат на теренско истражување во врска со организираниот криминал во Република Северна Македонија и Република Србија. Теренското истражување е спроведено со помош на анкетен прашалник, кој се однесува на неколку аспекти на организираниот криминал во овие две земји. Посебно во овој дел ќе биде искористен споредбениот, односно компаративниот метод, за да би можеле да се согледаат ставовите на општата јавност во врска со организираниот криминал во Република Северна Македонија и Република Србија. Притоа ќе биде користен и функционалниот метод и структуралниот метод. Истражувањето во однос на нашата земја е спроведено на територијата на Република Северна Македонија, додека пак за другата земја која е предмет на истражување, самото истражување е спроведено на територијата на Република Србија.

1. Од вкупната бројка на 50 испитаници, сите се изјасниле дека се запознаени со проблемот на организиран криминал. Ова упатува на фактот дека кај општата јавност во Република Северна Македонија постои општа свест дека проблемот на организиран криминал навистина постои и дека истиот предизвикува ненадоместливи последици.	1. Слична ситуација имаме и во Република Србија. И тука сите испитаници, кои се дел од истражувањето, организираниот криминал го препознаваат како проблем на општеството, односно кај нив постои свест за самиот проблем.
2. На прашањето дали државните институции се одлучни во борбата со организираниот криминал, поголемиот дел одговориле позитивно, односно сметаат дека оваа броба со ваквиот вид на криминално однесување се презема врз еден одлучен пристап и концепт.	2. Во оваа насока се и ставовите на општата јавност во Република Србија. Најголемиот дел од граѓаните на оваа земја сметаат дека државните институции се одлучни во реализацијата на борбата со организираниот криминал во земјата.
3. Сите учесници во истражувањето се изјасниле дека се чувствуваат загрозено како резултат на дејствијата на организираниот	3. И во Република Србија граѓаните ја чувствуваат оваа загрозеност како резултат на дејствијата на организираниот криминал.

криминал. Ова тврдење е уште еден доказ за високата свесност на граѓаните во Република Северна Македонија за проблемот на организиран криминал.	Чувството на загрозеност може да биде резултат и на навистина сторени дејствија на ова криминално однесување, но и да биде резултат на заложбите на самото општество да ги претстави штетните последици од самото криминално однесување.
4. Од вкупната бројка на 50 испитаници, 35 се изјасниле дека имаат доверба во институциите на системот кои се надлежни за спречување и борба со организираниот криминал, додека пак 15 испитаници се изјасниле дека немаат доверба во системот.	4. Слични се бројките и во Република Србија. Па така, 29 лица се изјасниле дека имаат доверба во институциите на системот кои се надлежни за спречување и борба со организираниот криминал, додека пак 21 испитаници се изјасниле дека немаат доверба во системот.
5. На прашањето дали сметате дека меѓународната заедница презема доволно активности за спречување на организираниот криминал, најголемиот дел одговориле позитивно, односно истите сметаат дека заложбите на меѓународната заедница за спречување на организираниот криминал се во добар правец.	5. Приближно исто мислење имаат и граѓаните на Република Србија во однос на ова прашање. Тие исто така сметаат дека заложбите на меѓународната заедница се движат во добар правец во врска со сузбивањето на различните дејствија на организираниот криминал.

Од веќе извршеното истражување и направената компарација, може да се дојде до заклучок дека кај граѓаните и во двете земји постои високо изградена свест за опасноста

од организираниот криминал. И кај двете земји граѓаните ја истакнуваат како позитивен показател одлучноста на институциите во борбата со организираниот криминал. Чувството на несигурност, загрозеност како резултат на организирнаиот криминал, свое влијание има кај граѓаните на двете земји. Разликите во ставовите на општата јавност во овие две земји може да се согледаат во степенот на доверба кој граѓаните го имаат во државните институции кои се справуваат со организираниот криминал, односно граѓаните на Република Србија имаат поголем степен на недоверба во институциите кои се надлежни за спречувањето на дејствијата на организираниот криминал.

IX. ЗАКЛУЧОК

Организираниот криминал претставува глобална закана за сите држави без исклучок, и токму затоа истиот треба да биде третиран на еден соодветен и сериозен начин за да би можеле да зборуваме за воспоставување на еден систем на превенција од самото криминално зло.

За да можеме да зборуваме за успешно справување со организираниот криминал во една претходна фаза, потребно е да бидат определени неговите феноменолошки карактеристики, како и неговите етиолошки карактеристики. Феноменолошкото определување на организираниот криминал ќе ни даде претстава за различните облици и видови на ова криминално однесување, како и неговите суштински карактеристики. Дополнително, преку етиолошкото определување на организираниот криминал, се прави изнаоѓање на причините, односно факторите кои доведуваат до појавување на оваа криминална појава. Системот на превенција од организираниот криминал задолжително се заснова на феноменолошкото и етиолошкото определување на самата криминална појава. Секоја превентивна активност и дејност од организираниот криминал задолжително превид треба да го има ова феноменолошко и етиолошко определување на организираниот криминал, од причина што системот на превенција треба да го запознае вистинското зло против кое треба да се бори, како и да ги запознае причините кои доведуваат до практикување на оваа криминална појава.

Слободно можеме да тврдиме дека системот на превенција од организиран криминал претставува сложено прашање. Неговата сложеност, пред сè, се појавува како резултат на самата комплексност на појавата на организираниот криминал. Целосното определување на системот на превенција на организираниот криминал е направено преку анализирање и проучување на различни аспекти на оваа криминална појава.

Па така, во оваа смисла првиот дел на магистерскиот труд се осврнува на феноменолошките аспекти на организираниот криминал. Посебно во овој дел е направено поимно определување на организираниот криминал, опфатени се карактеристичните облици на организираниот криминал, претставени се особеностите на оваа општествено негативна појава, како и карактеристиките на современите облици на организираниот криминал.

Во следниот дел, односно во вториот дел на магистерскиот труд, се прави определување на причините, односно факторите кои придонесуваат за појава на организираниот криминал на национално и меѓународно ниво. Всушност, направено е етиолошко определување на оваа криминална појава. Така, во оваа смисла посебно се анализира поимот на етиологија на организиран криминал, факторите, кои се од значење за исполнување на оваа криминална појава, со посебен акцент врз факторите од ендогена и егзогена природа за исполнување на организираниот криминал.

Третиот дел на магистерскиот труд го опфаќа системот на превенција од организиран криминал во меѓународни рамки. Па така, во оваа смисла посебно се претставени активностите за превенција од организиран криминал кои се преземаат од Организацијата на обединетите нации, активностите за превенција од организиран криминал кои се преземаат од Европската Унија, активностите за превенција од организиран криминал кои се преземаат во земјите од Југоисточна Европа, како и определување на субјектите на меѓународната соработка во областа на превенција од организиран криминал.

Во четвртиот дел на магистерскиот труд се осврнуваме на системот на превенција на организираниот криминал во Република Северна Македонија. Така, во оваа смисла претставен е поимот на превенција од организиран криминал во една општа, генерална смисла, претставена и анализирана е правната рамка за превенција од организираниот криминал во земјата, опфатена е институционалната рамка за превенција од организираниот криминал, како и особеностите на системот за превенција во Република Северна Македонија.

Во петтиот дел на магистерскиот труд се прави компаративна анализа на системите на превенција од организиран криминал во различни земји. Така, во оваа смисла опфатени и анализирани се следните системи, и тоа: системот за превенција од организиран криминал во Соединетите Американски Држави, системот за превенција од организиран криминал во Германија, системот за превенција од организиран криминал во Србија, како и системот за превенција од организиран криминал во Хрватска.

Системот на превенција од организиран криминал задолжително треба да се анализира и проучува преку три клучни елементи, за да би можеле да зборуваме за еден ефикасен и успешен систем за превенција од ова криминално зло. Во оваа смисла, може да се зборува за соодветна правна рамка која ќе биде насочена кон сузбивање, односно превенирање на организираниот криминал, соодветна поставеност на институциите на системот за борба со организираниот криминал и на крај воспоставената меѓународна соработка на една земја со останатите земји во насока на спречување на инкриминациите кои може да се подведат под општиот поим на организираниот криминал.

Соодветната правна рамка за сузбивањето на организираниот криминал е појдовната основа за успешното справување со оваа криминална појава. Потребно е донесување на законски решенија кои одговараат на потребите на реалноста во смисла на спречување на организираниот криминал. Дополнително е потребно во секоја земја да се создадат услови за непречено имплементирање на самите законски решенија во практика.

Соодветната поставеност на институциите за борба со организираниот криминал исто така се значаен елемент во определувањето на системот на превенција од оваа криминална појава. Потребно е создавање, односно конституирање на институции кои ќе бидат на висина на задачата во насока на спречување на разните дејствија кои може да се подведат под општиот поим на организираниот криминал. Многу значајно е овие институции да не бидат само декларативно поставени, односно потребно е преземање на конкретни активности од нивна страна во вкупното реализирање на борбата со организираниот криминал.

И сосема на крај, третиот елемент кој е значаен за определување на системот на превенција на организиран криминал е воспоставената меѓународна соработка во насока

на сузбивање на самата криминална појава. Со оглед на фактот дека организираниот криминал покажува карактеристики на интернационалност, мултидимензионалност и транснационалност, потребно е воспоставување на соработка помеѓу државите за спречување на разните дејствија на организираниот криминал, при што оваа соработка задолжително треба да биде воспоставена на едно билатерално ниво, регионално ниво, како и меѓународно ниво.

X. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) Albanese, Jay, The Prediction and Control of Organized Crime: A Risk Assessment Instrument for Targeting Law Enforcement Efforts, National Criminal Justice Reference Service, Rockvile, 2003,
2) Арнаудовски, Љупчо, Криминологија, 2-ри Август – Штип, Скопје, 2007,
3) Арнудовски, Љупчо, Криминализација на политика, политизација на криминалот, Безебдност бр. 3, Скопје, 1997,
4) Bossard, Andre, Police cooperation in Europe, Internacional Criminal Police Reviw, No. 343, 1988,
5) Boskovic, Milo, Organizovani kriminalitet, Policijska akademija, Beograd, 1998 god.,
6) Bozic, Vanda, Suzbijanje organizovanog kriminaliteta u svjetlu pozitivnog kaznenog zakonodavstva Republike Hrvatska, Zagreb, 2017
7) Boister, Neil, Transnational criminal law?, in European Journal of International Law, Vol.14, No. 5, 2003
8) Brady, Hugo, The EU and the fight against organised crime, Centre for European Reform, London, 2007,
9) Бужаровска, Гордана, Ре, Дејвид, Карнасас, Мајкл, Истражни дејствија – Прирачник за практичари, OSCE, Скопје, 2010,
10) Буџакоски, Стефан, Казнено право – општ дел, Коста Абраш, Охрид,
11) Vukovic, Slavisa, Boskovic, Goran, Osnovni pristupi i mogucnosti prevencije, savremenog organizovanog kriminala, Kultura polisa, Beograd, 2012,
12) Габеров, Марјан, Транснационален организиран криминалитет – трендови и случувања, Правдико, Скопје, 2014,
13) Grubac, Momcilo, Organizovani criminal u Srbiji, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, god. 46, br. 4, Split, 2009,
14) Gunaratna, Rohan, Transnational threats in the post war era, Janes Intelligence Review, no. 1, London, 2001,

15) Dukic, Stanimir, Aktivnosti i ekonomske posledici organizovanog kriminala u javnom sektoru, Univerzitet EDUCONS, Fakultet posleovne ekonomije, Sremska kamenica, 2013,
16) Durdevic, Zoran, Kriminalisticko profilisanje, Kriminalisticko - policijska akademija, Beograd, 2012,
17) Eysenck, Hans, Crime and Personality, Routledge, Boston, 1964,
18) Zoric,Jovana, Pavicevic, Milica, Stopic, Milos, Borba protiv organizovanog kriminala u Srbiji – zakonodavstvo i praksa, Beogradski centar za ljudska prava, Beograd, 2008,
19) Кајзер, Гинтер, Криминологија, Александрија, Скопје, 1996,
20) Камбовски, Владо, Организиран криминал, 2-ри Август, Штип, 2005,
21) Камбовски, Владо, Казнено право – посебен дел, Просветно дело АД – Скопје, Скопје, 2003,
22) Камбовски, Владо, Правна држава и организиран криминал, Правен факултет – Скопје, Скопје, 1996,
23) Kostantinovic, Slobodanka, Nikolic – Ristanovic, Vesna, Kostic, Miomira, Kriminologija, Pelikant print, Nis, 2009,
24) Котовчевски, Митко, Облици на криминално делување на транснационалниот криминал, Филозофски факултет, Институт за одбрандбени студии, Скопје, 2005,
25) Кошевалиска, Олга, Иванова, Елена, Организиран криминал и корупција - скрипта, Универзитет Гоце Делчев – Штип, Штип, 2018,
26) Krivokapic, Vladimir, Prevencija kriminaliteta, Policijska akademija, Beograd, 2002,
27) Kulach, Justyna, Whiskin, Nigel, Marks, Erich, Culture of prevention urban crime prevention policies in Europe: towards a common culture, European Commission – Directorate General Justice, Freedom and Security, Paris, 2006,
28) Лабовиќ, Миодраг, Николовски, Марјан, Организиран криминал и корупција – најнови теоретски димензии, практични консеквенции и методика на истражување, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2010,
29) Лажетиќ – Бужарвоска, Гордана, Нанев, Лазар, Кошевалиска, Олга, Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Гинис, Прилеп, 2015,
30) Лајман, Мајкл, Потер, Гари, Организиран криминал, Магор, Скопје, 2010,

31) Лембовска, Магдалена, Стојковски, Филип, Проценка на полицискиот интегритет во Македонија, Аналитика, Скопје, 2016,

32) Марјановиќ, Ѓорѓи, Македонско кривично право – општ дел, Просветно дело АД Скопје, Скопје, 2003,

33) Милковски, Љупчо, Современи појавни форми на организираниот криминал, Скопје, 2002,

34) Milosevic, Milan, Milosavljevic, Branislav, Marjanovic, Marjan, Organizovani kriminal kao factor ugrozavanja bezbednosti Jugoistocne Evrope, Bezbednost u postmodernom ambijentu – Knjiga XXIII i XXIV, Centar za strateski istrazivanja nacionalne bezbednosti – Cesna, Beograd, 2018,

35) Milutinovic, Milan, Kriminologija, Savremena Administracija, Beograd, 1988,

36) Milutinovic, Milan, Kriminalna politika, Savremena administracija, Beograd, 1984,

37) Митиќ, Кирил, Организиран криминал и неговите импликации врз безбедноста на земјите од Југоисточна Европа, Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2013,

38) Petrovic, Borislav, Mesko, Gorazd, Kriminologija, Pravni fakultet Sarajevo, Sarajevo, 2004,

39) Проевски, Јован, Кривичен законик, објаснувања и коментари, Академик, Скопје, 1998,

40) Radonic, Slavoljub, Psihologija licnosti, Nolit, Beograd, 1977,

41) Симоновиќ, Бранислав, Криминалистика, Правни факултет Универзитета у Крагујевац, Институт за правне и друштвене науке, Крагујевац 2004,

42) Sukovic, Danilo, Socijalni model Srbije u funkciji ekonomije siromastva i podsticanja ekonomskog razvoja, Ekonomsko – socijalna struktura Srbije, Ekonomski fakultet Univerziteta u Beogradu, Beograd, 2010,

43) Сулејманов, Зоран, Криминална политика, Графохартија, Скопје, 2003,

44) Сулејманов, Зоран, Криминологија, Институт за социолошки и политичко – правни истражувања, Скопје, 2003,

45) Тасева, Слаѓања, Темна бројка на криминалитетот, Европа 92, Кочани, 1995,

46) Тодоровска – Ѓурческа, Слободанка, Криминологија, ЕУРМ, Скопје, 2011,

47) Тоновски, Ѓорѓи, Социологија, Институт за истражување на туризмот, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Скопје, 2000,
48) Finklea, Kristin, Organized Crime in the United States£, Trends and Issues for Congress, December 22, 2010,
49) Sasic, Zeljko, Organizirani criminal – metode suzbijanja, Informator, Zagreb, 2001 god.,
50) Shelly, Louise, Transnational Organized Crime: An Imminent Threat to the Nation-State, Columbia Journal of International Affairs, No. 2, 1995,

Законски прописи

1) Кривичен законик, Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017
2) Закон за кривичната постапка, Сл. Весник на Република Северна Македонија, бр. 150/2010, 51/2011, 100/2012, 142/2016
3) Закон за јавно обвинителство, Сл.Весник на Република Северна Македонија, бр.42/2020
4) Закон за внатрешни работи, Сл. Весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 05/2016, 127/2016, 142/2016, 190/2016, 21/2018
5) Закон за финансиска полиција, Сл. Весник на Република Северна Македонија, бр. 12/2014, 43/2014, 33/2015, 27/2016
6) Закон за судовите, Сл. Весник на Република Северна Македонија, бр. 58/2006, 35/2008, 150/2010
7) Закон за полиција, Сл. Весник на Република Северна Македонија, бр. 14/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016, 120/2016, 21/2018, 21/2018
8) Конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал, Палермо (2000)

9) Convention against transnational organized crime, United Nations, 2000
10) Protocol to prevent, suppress and punish trafficking in persons especially women and children, United Nations, 2000
11) Protocol against the smuggling of migrants by land, sea and air, United Nations, 2000
12) International convention for the suppression of the financing of terrorism, United Nations, 1999

Интернет-литература

1) http://www.ukessays.com/essays/sociology/organized-crime.php#ixzz3UizUqgq3
2) https://www.history.com/news/born-criminal-theory-criminology
3) https://www.un.org/en/
4) slideplayer.com/slide/743097
5) https://europa.eu/european-union/index_en
6) https://www.europol.europa.eu/
7) https://www.europol.europa.eu/activities-services/main-reports/annual-report-2006
8) https://www.rcc.int/
9) https://www.pravda.gov.mk/vest/2978
10) http://jorm.gov.mk/potpishan-memorandum-za-sorabotka-meg-2/
11) https://mvr.gov.mk/page/uprava-i-bezbednost-za-kontrarazuznavanje
12) http://www.ufr.gov.mk/
13) http://www.ujp.gov.mk/
14) http://www.customs.gov.mk/index.php/mk/
15) https://www.ia.gov.mk/
16) https://www.dksk.mk/index.php?id=home
17) https://fas.org/sgp/crs/misc/R40525.pdf
18) https://www.fbi.gov/
19) https://www.dw.com/sr/mafija-u-nema%C4%8Dkoj-kao-kod-ku%C4%87e/a-40950624

20) https://www.dw.com/en/germanys-backlog-in-its-battle-against-organized-crime/a-51648419
21) http://www.xinhuanet.com/english/2019-09/24/c_138419180.htm
22) https://www.dea.gov/
23) https://admissions.hsem.uaf.edu/homeland-security/?utm_source=google&utm_medium=search&utm_campaign=2020&utm_content=ad2
24) https://www.blic.rs/vesti/svet/racije-u-celoj-nemackoj-velika-akcija-policije-protiv-organizovanog-kriminala/lls2ygq
25) http://arhiva.mup.gov.rs/cms_lat/UKP.nsf/sbpok.h?OpenPage
26) http://www.mvep.hr/hr/vanjska-politika/multilateralni-odnosi0/medunarodna-sigurnost/transnacionalne-prijetnje/organizirani-kriminal/